**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Соња Мираковска, Иван Стоиљковиќ, Јован Лазаров, Али Ахмети, Фазли Велију, Џевад Адеми, Лилјана Поповска, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Благородна Дулиќ, Фијат Цановски и Имер Селмани, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 5 - Предлог на одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуакта.

Има збор господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе,

По однос на Предлогот на одлуката која е дадена би сакал да истакнам некои од забелешките во делот што мислам дека имам и обврска и морално право тоа да го зборувам, а тоа е во делот на средствата кои наводно се трансферираат до локалните самоуправи.

Прво, поаѓајки од фактот дека нашата Влада и ова Собрание го усвои Законот за рамномерен регионален развој, чудно е и парадоксално како и после година и кусур од донесувањето на тој Закон, тој Закон не заживеа. Во тој Закон верувале или не требаше да има не 5 милони евра, туку 80 милион и евра за општините на годишно ниво кои ќе се распоредуваат за учество на планските региони на Советот за рамномерен и регионален развој.

Најчудно од сето тоа е што овој Закон е со Европско обележје и ова е еден од законите кој во серија на дискусии кои сме ги имале со претставниците и на Европската унија и на САД, кои помагаа во децентрализацијата во Република Македонија и кој е истакнат како приоритет и по годинаипол ние сме на точка нула.

И да е работата уште почудна за оние кои веројатнос е неупатени од 204 милиони првично во делот за локална самоуправа се спуштаат на 134 милиони, а сега се минусираат уште 67 милиони, а знаете ли зошто? Затоа што ова Биро вака концепирано не може да функционира со новиот закон. Владата имаше обврска да усвои серија на подзаконски прописи за да профункционира новиот начин и да профункционираат оние 80 милиони евра кои беа планирани начелно во Буџетот и пота беа избришани.

Значи, донесовме Закон, во тој Закон пишува дека 1% од производот треба да се намени за локалната самоуправа, меѓутоа тој Закон никој не го спроведува. Сега се прави еден обид оние пари кои беа ставени во делот на локалната самоуправа, некои 3 до 4 милиони евра, со додавање на уште милион евра да се пренасочат преку капитални дотации и кобајаги таму да се даде на општините 300 милиони денари, што мислам дека има свои слабости и ќе кажам кои се тие.

Не зборувајки пред се за ноторната вистина дека од 80 милиони евра, колку што општините требаше да добијат се сведуваат сега некаде на 300 милиони евра инвестициии гледам во некои од дискусиите на некои колеги пратеници од позицијата дури треба за тоа да се благодарни, затоа што тоа никогаш до сега не се случувало. Не е така. Тоа е едната димензија.

Втората димензија е кого Владата праша, со кого се консултираше каде да ги насочи тие средства. Го консултираше ли ЗЕЛС? Не. Јас разговарав со неколку луѓе од Управниот одбор и ми кажаа дека поима немаат како се распределени средствата и зошто се дадени таму кај се дадени. Ние изградивме систем на добра соработка помеѓу ЗЕЛС и Владата, партнерски однос, невозможно е сега кога се има луѓе таму кои продлжија да работат одговорно да не се консултираат и да се форсираат средствата во одредени проекти.

Немам ништо против она што се прави во Инџиково, треба да се направи. Или она што се зафати како во Битола и тие треба да се направат, меѓутоа дали некој ја постави дилемата кој е тој што треба да одлучи дека токму таму треба да се насочи. И зошто наместо да се насочат таму тие средства не се насочат за пречистителни станици во Скопје. Цело Скопје, сите фекални води ни се излеваат во Вардар. И сега, тоа воопшо не е битно, а битни се другите работи. Или високата зона на водоводто за Скопје. Тоа е исто така една многу важна работа која треба да се направи,или серија на други проекти за други градови, да не прозвучи и ова моето како некој локал патриотизам, бидејки бевме сведоци вчера на многу такви дискусии и реплики.

Значи, една работа е што средствата се скратени.

Втора работа е што се распределени на нетранспарентен начин, врз база на нечии убедувања. Чие е тоа убедување? Кој е тој што може повеќе од локалните власти да знае каде треба да се распрделат тие средства. Тоа е директно спротивно на Европската повелба за локална демократија. Значи,не може централната власт да одлучува, каде, колку и како ќе им дава пари на општините.

Она што исто така е чудно во целата работа, тоа е каде е Министерството за локална самоуправа.

Почитувани коелги пратеници,

Каде е Министерството за локална самоуправа. Ајде една година немавме минситер таму, па на сите разговори кои ги имавме со претставници и од Европа и од Америка, и од сите други што доаѓаат го посочуваа како слаба точка, ама ајде оправдување имаше, немаше минситер, односно минситерот беше во оставка, се чекаше да има избори итаму работата не се заврши.

Сега иамме министер во Министерството за локална самоуправа, ама како да немаме. Впечатокот и кај јавноста и кај градоначалниците и кај сите оние кои ја познаваат работата е како да немаме минситер таму. Не може тоа Министерство да стои на страна од работа која е негова надлежност и да ја препушта на Министерството за финансии и на Министерството за транспорт и врски да ги пласираат средствата.

Погрешно е, необјективно е, затоа што се базира пред се на личните контакти и на партиските комуникации.

Ако погледате каде е распределбата во овие 300 милиони што се делат, ќе видите дека најголемиот дел одат за две општини кои се од редот на позицијата. Тоа се милионски суми, сите други се помали ставки околу кои може да се дебатира.

Мислам дека е крајно време да заживее националниот Совет за регионален развој. Националниот Совет за региоанлен развој не функционир акако што треба. Планските региони функционираат, меѓутоа без финансиски средства тие се само мртва буква на хартија.не можат ниту да функционираат,ниту можат да помогнат, ниту можат да влијаат на некои стратешки региоанлни проекти. Смисолот на овие средства кои требаше државата да ги добие, а има обврска според закон, закон кој го усвоил ова Собрание и закон кој не се почитува. Тој закон не се почитува. Тоа не се мали средства. Тоа се 80 милиони евра кои требаше општините да ги добијат оваа година, не ги добија, а сега ни овие 4 милионине можат да се добијат, кои беа предвидени 3,5 милиони, затоа што не кореспондираат со новиот закон,а не се внесени ни подзаконските акти кои требаше да се донесат за да профункционира новиот закон.

Таа грешка не е кај општините, таа грешка е во Владата и за тоа одговорноста некој мора да сноси во Владата.

Јас би предложил доколку имаме ситуација во која имаме неефикасно минситерство за локална самоуправа ако проблемот не е персонален, дајте да размислиме тогаш да направиме промена на Законот за Влада и тоа министерство да го модифицираме. Таму иманеколку луѓе што многу добро си ја знаат работата, но очигледно дека тоа е нефункционално затоа што никој, народски кажано не го ферма. Никој не им го уважува ставот и тоа министерство кое треба да е клучно за спроведување на децентрализацијата, која и НАТО и Европската унија ја назначуваат како важен процес практично е нешто така, функционира само заради просториите, службените коли, администрацијата, нема никаква суштинска улога, а треба да ја има. Затоа мислам дека концептуално оваа предлог распределба е лоша, заради тоа што им дава на одредени државни органи работи кои не им припаѓаат. Не можат Министерството за фианнсии и Министерството за транспорт и врски без согласност на ЗЕЛС да им распределуваат пари н аопштините, да кажувааат дека ги частат наводнос о некои 300милиони, а во суШтина тие 300 милиони се 5 милони евра се многу помалку од оние 80 милони евра кои со Законот за рамномерен региоанлен развој оваа година требаше да ги добијат општините.

Затоа би сакал да апелирам уште еднаш да се размисли ако такво министерство не треба дајте да го промениме, бидјеки очигледно тамукако кој да дојде во последно време работите не функционираат.

Од друга страна вчера беа искажани доста дискусии, малку сме веројатно сеуште уморни од дискусиите, но уште еднаш би апелирал до вас претседателе да водиме сметка за дигнитетот во ова Собрание и да не се изморуваме и истоштуваме до граница на човечката издржливост бидејки тогаш паѓаат и навреди помеѓу колегите рпратеници и таа работа не е добра, бидјеки сепак се работи за институција која треба да биде од највисок ранг во Република Македониј. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Јас сношти дебатирав околу текстот на оваа Предлог одлука и не би сакала да се повторам но дозволете ми да констатирам дека ДПА има полно право кога вели дека албанската партија на власт е во една неповолна позиција, сосема неповолна од причина што нема можности и простор да постави барања од интерес на граѓаните на Република Македонија.

Значи, уште еднаш се докажа дека не постои можност од нивна страна да ги исполнат потребите и барањата на граѓаните албанци посебно во Западниот дел на Република Македонија, таму каде што албанското население е во поголем број и таму каде што граѓаните албанци живеат и чесно придонесуваат во ова општество.

Значи,ова го заснован во фактот дека од 74 милиони евра вкупно ниту едно евро не се доделува за проекти од интерес на граѓаните албанци од Република Македонија. Напротив, ние имаме одземање на финансиски средства во разни проекти, како што е Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор,како што е

Државнио тунвиерзитет во Тетово и овде имаме одземање на финансиски средства. Одземање или намалување на средства за куќата на албанската азбука. Значи, за рестарвација на оваа куќа имаме одземање на средства за библиотеката во Тетово, за Чарши џамијата во Тетово и т.н.

Значи, имаме одземање на финансиски средства токму за проекти и постојни институции кои имаат витално и суштествено значење за албанското население и што бројчано се многу малку во оваа Република.

Во однос на Институтот за културно и духовно наследство на албанците наведов и вчера дека и овој пат не се предвидени доделување на фианнсиски средства за овој Институт за да може тој да продолжи со својата мисија и да може да ги реализира отпочнатите проекти ида отпочне со нови проекти.

Овде се рече од говорницата претставници од албанската партија на власт дека имало само трица вработени во овој Институ. Жалам,но морам да ве поправам. Вработени се 15 лица штоне значи дека е голем број, но зоШто тогаш за толкав мал број на вработени се забранува месечната исплата на платата за овие вработени, се забрануваат финансиските средства доделени од Буџетот за овој Институт.

Ќе продлжам и со Гимнацијата Зефљуш Марку која ја спомнав и вчера во моето излагање.

Овој проект е спремен, потполно завршен објект од стана на ДПА додека бевме на власт. Ќе повторам остана само снабдување со внатрешен инвентар потребен за да се создадат поволни работни услови за стручната екипа, за професорите и педагозите, но и за самите ученици. Партијата која е на власт и по толку време владеење сеуште не успеа да ја снабди со потребниот инвентар оваа образовна установа, учениците да можат да го продолжат нивниот образовен процес во новиот објект кога знаеме дека голем дел од албанското население во Скопје живее на оваа страна од реката Вардар и каде потребата за постоење и функционирање на оваа институција е нешто неопходно.

Значи,овде се гледа разликата во однос на создавање на политики, разликата во политичкиот курс, во политичката стратегија помеѓу двете албански партии. Тоа што не разликува е тоа што ДПА секогаш кога ја завршува власта позади себе остава институции. Институции кои се од интерес и кои ги исполнуваат барањата и потребите на албанското население на граѓаните кои таа ги застапува.

Истовремено го оставивме позади нас УИЕ, Универзитет кој беше прв Универзитет кој даваше пример меѓу универзитетите во Република Македонија со воспоставување на европски стандарди.

Занчи, сега позади нас оставивме други институции, го оставивме Институтот за културно и духовно наследство на албанците. Јас би вве посоветувала, бидејќи сум учесник на една опозициска партија, вие знаете дека опозицијата има улога на коректор, треба да ја корегира работата на партијата на власт и секогаш од интерес на нашите граѓани , тогаш јас ќе ве посоветувам во овој Институт ако мислите дке абројот на вработени е мал тогаш вработете поголем број за да има повеќе вработени во овој Институт.

Никој не го спори и оспорува ова и ова аможност која вие можете да ја напрвите. Подржете ги проектит еод интерес на граѓанит екоиве избраа за да ги застапувате во овој дом.

Значи, мислам дека ќе бидам добро разбрана бидјеки навистина се работи за една потреба за проекти и институции за албанското население во Македониа . Имаме потреба да придонесеме токму во сочувувањето, создавањето и презентацијата на нашите вредности.

Јас вчера го нагласив Националниот совет при Министерството за култура кој е од големо значење од оваа област. Значаен е бидејки е тело кое на еден начин го советува минситерот и има ингеренции и надлежности да дава свои размислувања, стручни размислувања и сугестии за разни проекти од областа на културата, додека образложението дека врз основа на заслугите се назначени 13 членови м ова не држи. Не држи од причина што нема можност во Република Македонија да нема уметници, уметник кој е заслужен, мериторен и способен да има придонес во оваа обалст.

Ова вие добро го знаете и одговорноста дека не сте можеле да интервенирате во оваа насока паѓа врз вас, бидејќи вие сте на власт.

Истото ќе го поврзам со наградата “11 Октомври” каде исто така немаше ниту една лижност што припаѓа на албанската заедница да се награди за стручната работа што ја врши токму во разни области. Тоа значи дека одговорноста е кај вас. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе,

Исто така и благодарам на госпоѓа Кадриу за неколку информации што немаат ниту филозофска основа, ниту имаат политичка основа, во недостаток на сосема политички аспекти и стратегии на понатамошно делување, нормално, секогаш на право тој кој губи и да се лути. И ние за многу работи не и замеруваме.

Меѓутоа, тоа што го спомна, ќе се обидам да го објаснам детално, затоа што веќе и народот не е тоа што вие мислите дека е, дека можете да го лажете.

Буџетот за 2008 година е гласан од ваша страна. 2008 година, на крајот на 2007 година ДПА го поддржа Буџетот предложен од страна на Владата на Република Македонија и за Западниот

дел на Република Македонија. Вие немавте ниту сила, политичка ниту интелектуална и кадровска сила, затоа што доколку ги имавте овие категории сигурно дека Буџетот на Република Македонија за Западниот дел ќе беше малку поинаков.

Но, повторно ќе кажам, оној кој губи има право и да се лути. Никој не му е виновен.

Доколку пак ние, многу добро знаете дека ова е форма на прераспределба на Буџетот и средствата што биле наменети за 2008 година.

Одиме по ред.

Велите можности, велите ДПА нема да интервенира со амандмани. Да ви дадам на знаење, многу убаво знаете дека за 2008 година Сафет Незири и Зумрете Јакупи и Садула Дураки извлекоа 260 илјади евра за регионот Липково. Многу пратеници на ДУИ од опозицијата извлекоа средства за 2008 година. Затоа што бевме способни и имавме капацитет. Жалам за вас.

Друга работа, што се однесува до реализација на Охридскиот рамковен договор и правичната застапеност во Република Македонија, до сега, за три месеци имаме 100 дена власт над 650 вработувања. Вие, за 20 месеци не сте имале ни 400. Меѓутоа, сега ви гарантирам, до крајот на годината ќе има над 950 вработувања според Охридскиот рамковен договор. Ова треба да го знаете, затоа што ги излажавте луѓето.

Албанската азбука, оваа Влада, ДУИ во власта со ВМРО ќе ја направи годишнината. Можеби некој друг го немал тоа право, но ние ќе го направиме.

Што се однесува до Институтот за културно и духовно наследство, ние сме благодарни што никогаш не можевте да го именувате до крај како што треба, вие сте го оставиле без база, без темел.

Што се однесува до гимназијата Зеф Љуш Марку, тука ќе завршам, гинмазијата сте ја отвориле, многу добро знаете уште во август, пред изборите. Една недела. Без ниту инвентар, без електрична енергија, без водовод и ништо друго.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Контра реплика госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Господине, ние не сме да продаваме филозофии. Најмалку граѓаните ве избрале вас вие да развивате филозофија и да продавате филозофија во ова Собрание.

Жалам, не сум филозоф, но настојувам да придонесеме во полза на нашите граѓани Албанци од Република Македонија.

Во однос на Буџетот за што говорите, сега имате можност, бидејќи сега се направи распределбата на финансиски средства токму на локално ниво. Зошто вие не интервениравте позитивно во прилог на албанските проекти?

Рековте дека во минатиот мандат доделивме средства. Ние помогнавме, бидејќи ние бевме на власт. Не сме како вас да правиме опструкции. Свесни сме, тоа што им треба на граѓаните, да им помогнеме. Но, дали и вие ги реализиравте тие средства?

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитуван господине претседател.

Почитувани пратеници,

Сакам да реплицирам кратко и ќе настојувам да бидат рационален и не со конфронтирачки речник. Сепак, политичкиот плурализам предвидува комплементарно функционирање меѓу позицијата, власта и опозицијата и секако дека опозицијата е политичка партија што треба да ги идентификува политичките грешки на власта. Меѓутоа, формата и начинот на политичкото претставување, со што не се прави една добра анализа на Предлог-одлуката за прераспределба на финансиските средства во Буџетот, мислам дека не е во ред и не претставува сериозен пристап и сериозно студиско разгледување на финансиските средства затоа што госпоѓата Кадриу истакна дека од 74 милиони евра, што се објект на прераспределба во Буџетот, во Западна Македонија нема распределено ниту едно евро.

Ова не е можно, затоа што во прв ред не се претставува тоа со аргументи, а второ не е ниту вистина. Затоа што, со распределбата на буџетските средства, се разбира дека имаме распределба и тие финансиски средства се над 100 милиони денари определени за финансирање на инфраструктурни проекти водовод, канализација итн.

За тоа дали има нераспределба на финансиски средства во Западна Македонија ќе доставиме соодветен документ. Од друга страна ќе се увери и госпоѓа Кадриу дека во оваа распределба има финансиски средства што ќе преминат во инфраструктурата на овие општини.

Многу е значајно јавувањето на говорница да бидат во интерес на тоа да можеме да чекориме напред. Меѓутоа, оценка што не се поддржува со аргументи не е во наш заеднички интерес. Кога ќе излеземе на говорница, да дискутираме, на секој начин треба да се концентрираме на аргументи и од аспект на вработувањето и од аспект на подобрување на правичната и соодветна застапеност на Албанците во државните институции.

Познато е дека во мандатот 2006-2008 година застапувањето на Албанците во државната и јавната администрација е намалена за 1%, од 17,4% на 16,5%. Тој документ постои во релевантните институции во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Многу добро рековте дека опозицијата е коректор. Тоа го нагласив и самата. Сите се согласивте со тоа што го кажав.

Јас говорам за доброто на нашите граѓани, ќеречам на граѓаните Албанци што ги застапувам.

Во однос на аргументите, каков појак аргумент сакате кога вашиот сопартиец јавно излезе и искажа незадоволство што има од работата на вашите министри? Почнувајќи од употребата на тендери и рече дека се работи за интерес на одредени личности и групни интереси внатре во вашата партија.

Јас мислам појак аргумент од овој не може да постои почитуван колега. Не е значајно да имаме дискусија, туку е значајна изјавата што се дава. Таа останува за секогаш. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Почитувана госпоѓо Кадриу,

Денеска констатирам дека навистина немате аргументи, затоа што ги повторивте зборовите од вчерашниот говор. Ова го сфаќам како дел од настојувањето за подобрување на уништениот имиџ на ДПА.

Сакам да ве потсетам на една работа. Можеби се точни вашите обвинувања, можеби држат дека ДУИ ги има ставено на страна прашањата во однос на културолошкиот идентитет на Албанците. Место тоа, сега ќе ви дадам еден многу силен аргумент и очекувам од вас објаснување.

Основната причина зошто ДУИ троши енергија во подобрување на имиџот на Албанците е улогата, да не кажам стратегијата на употреба на институционалното организирано насилство, чиј автор беше токму ДПА. Поаѓајќи од фактот дека вие направивте еден катастрофален изборен процес, ние како општество, до ден денеска се обидуваме да се рехабилитираме и да ги надминеме последиците од насилството, последиците од инцидентите, последиците од убиените и ранетите.

Верувам дека ќе се согласите со мене, воопшто не е лесно да поправиш имиџ на една заедница што не е насилна, но стана насилна затоа што ДПА имаше таква стратегија за институционализација на насилството.

Како можете да говорите за демократски институции кога вие извршивте насилство врз основната институција, а тоа се изборите. Слободни, фер и демократски избори. Вие направивте суштински атак врз идејата демократија и денес вие говорите за култура?!

Стратегијата што вие ја употребивте на 1 јуни воопшто не остави простор да се говори повеќе за културата на Албанците во Македонија, а камоли денеска да не обвинувате, да говорите за различни институти, за театарот итн. Ви реков вчера, ќе повторам и денеска.

Изборите што ги направивте беа парцијални, паралелни, надвор од институциите и во крајна инстанца вие создадовте анархија. На 1 јуни оваа анархија кулминираше. Имаше убиен човек, имаше ранети луѓе, воопшто немаше слободни избори и до ден денеска, пет месеци по изборите сеуште се обидуваме да ги убедиме луѓето, да ја убедиме внатрешната и надворешна јавност дека Албанците не се тие што се претставија на 1 јуни. Албанците имаат традиција, вредности и култура. Затоа, немојте да говорите за европски стандарди кога извршивте насилство врз нив.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Мило ми е што на крајот признавте дека моите обвиненија се точни.

Во однос на изборниот процес, вие треба да знаете дека за се, за љубов, за борба, за добро и лошо се потребни двајца.

Но, да ви ја кажам вистината. За жал е кога одговорноста секогаш сакаш да ја припишеш на друг. Кога не признаваш сам и сакаш да ја препишеш на друг.

Политичарот има својство да носи одлуки, одговорни одлуки кога се говори за значајни прашања за државата, но и за граѓаните кои живеат во оваа држава.

Немојте да бегате од одговорноста и немојте да ја припишувате на ДПА, бидејќи убиствата, инцидентите, сите знаат кој ги предизвика.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам без многу жестина со прашањето да ја смирам малку почитуваната колешка. Бидејќи мојата забелешка оди во насока на нејзината констатација зошто гимназијата Зеф Љуш Марку оваа година не започна со настава во новиот објект.

Заради неспособноста на Владата и заради судирот на интересите што кулминира во релациите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Вие може да не залажувате, но бројките кажуваат се. Се гледа дека 74 милиони евра на незаконски начин, криминален како што тврдиме ние, ги пренасочувате, а зад кулисите е отворена војната меѓу министрите од ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Вчера посочивме еден пример како елегантно направивте пренасочување на средствата од гасификацијата наместо кај министерот Бесими кај министерот Јанакиески, овде имаме ист случај. Учениците страдаат заради тоа што замина министерот од ДПА, дојде нов министер од ВМРО-ДПМНЕ, ама раководителот на секторот за средно образование е од ДУИ и заради тоа што тој не се согласува со претходниот тендер што го распишала ДПА, вие сега сакате да ставите рака на тој тендер, како што рече господинот Џеват Адеми.

За жал, многу брзо македонската јавност ќе се соочи со начинот на кој што ќе ги потрошите овие 74 милиони евра. Ви тврдам дека овде ќе направите најмалку 74 злоупотреби. Затоа што вчера му тврдевме на вашиот претпоставен, на министерот за финансии дека немате капацитет. Штом не сте успеале за 10 месеци да ги менаџирате трошењето на парите, бидејќи да не заборавиме злоупотреба се прави со сторување и со несторување. Овде имаме пример каде што

треба да се повикаат на одговорност најмалку 10 министри. Дел од нив, колку што пресметав, 6 се сеуште актуелни министри во Владта на Груевски, кои не знаат да ги менаџираат средствата. Шампионот во лошото менаџирање и планирање веќе не е дел од власта. Тоа беше министерот за одбрана. Затоа минатата година во декември правевте пренамена на средства.

**Трајко Вељаноски:** Реплика на госпоѓата Кадриу.

**Владо Бучковски:** На госпоѓата и зборувам.

**Трајко Вељаноски:** На неа зборувате, добро, во ред. Продолжете.

**Владо Бучковски:** Госпоѓата е лајт мотив. Допре до суштината. Еве, настрадаа децата од Зеф Љуш Марку, ќе страда и Македонија со 74 милиони евра затоа што да речеме тука се и 40 милиони евра што не знае да ги менаџира поранешниот министер за здравство, а сегашниот министер за здравство, тврди ДУИ дека влегува во криминал со начинот на кој што се спроведуваат тендерите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитуван колега, јас воопшто не сум нервозна. Меѓутоа се трудам да ја убедам позицијата, особено албанската партија на власт да работи за доброто на граѓаните на Република Македонија, особено за албанските граѓани што таа ги застапува во Собранието на Република Македонија. Исто и во самата Влада на Република Македонија.

Сосема се согласувам со вас за објектот на гимнацијата Зеф Љуш Марку. Навистина е факт дека во периодот кога ДУИ беше на власт, претходната власт, со вас, со СДСМ, уште тогаш користењето на тендерот и градењето на овој објект знаеме како заврши и знаеме како остана нерешен, па ДПА беше тој што мораше да го преземе и заврши објектот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Госпоѓо Кадриу, секогаш ги ценам вашите дискусии како реномиран уметник и културен деец и мислам дека забелешките што ги искажавте во еден дел апсолутно држат.

Не се случило досега и неприфатливо е во Националниот совет за култура да нема претставник од албанската заедница. Се надевам дека се работи за превид на актуелниот министер за култура, затоа што ако се работи за систем што треба да продуцира создавање на алтернативен Национален совет за култура на албанската заедница, тогаш тоа би била многу лоша консеквенца од вкупната политика што ја води Владата. Оттаму, очекувам во најбрзо време оваа груба грешка на Владата да биде корегирана.

Меѓутоа, госпоѓа Кадриу, состојбите во културата се многу подраматични, како што гледаме впрочем од оваа пренамена. Дури 10 милиони евра сега во културата се пренаменуваат. И токму оваа пренамена ни говори дека, за жал, областа на македонската култура денеска е облас на Потемкинови села, како во ниту една друга политика на Владата се гледа политиката на градење на кули на фантомски објекти.

Дозволете само да ви прочитам што говори оваа прераспределба: "Од стариот театар", за што премиерот Груевски три пати се сликаше досега, "се одземаат 2,5 милиони евра". Не слушнав амандман од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да ср вратат овие пари.

Од Филхармонијата што премиерот два пати ја отвораше досега и ја промовираше, се одземаат 2,5 милиони евра. Не слушнавме дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ имаат амандман со што се бараат да се вратат овие 2,5 милиони евра за Филхармонијата.

Од Музејот на ВМРО, од светињата, Владата чепка и одзема 1 милион евра. Каде се колеги ВМРО-ци да побарате амандман да се вратат овие 1 милион евра. Од скопското Кале се одземаат 1 милион евра. Од театарот во Велес 30 милиони денари, од библиотеката во Тетово 11 милиони денари, од тетовското Кале 20 милиони денари. Безконечен е овој список на промашувања во капиталните објекти во Министерството за култура. Дали министерот за култура и поранешниот државен секретар за култура, значи оној кој што ја водеше политиката, ќе сноси одговорност за ваквите капитални промашувања. Ова се вистинските потемкинови села во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Господине Манасиевски сосема се согласувам со вас, кога се говори за националнниот совет, затоа што тоа претставува еден орган би рекла, доволно значаен и важен и токму за тоа што Република Македонија претставува мултиетничко и мултикултурно општество, сме свесни за тоа, потребно е да ги почитуваме диверзитетите, разликите помеѓу нас и потребно е врз пропорционална база да има место и за Албанците во вакви многу важни орган. Истото тоа се случува и со доделувањето, не залудно јас го спомнав, доделувањето на наградата "11 Октомври", каде што немаше претставник од албанската етничка заедница.

Значи, Македонија е потписничка на многу меѓународни договори и токму во тие договори првиот критериум е почитувањето и респектирањето на слободата и правата на сите етнитети.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер

Веќе повеќе од 24 часа дебтираме по одлуката за пренамена на средствата, нормално, со една

мала крартка пауза, одлука за која што министерот за финансии од оваа говорница ни порача дека никако не смееме да ја нарекуваме како незаконска. Мојот колега Бучковски отиде подалеку и ја нарече криминална и можеби се согласувам со вас колега Бучковски, но еве, јас ќе се обидам да употребам некој друг, можеби посооветен збор, кога ќе кажам, еве за мене, оваа одлука е нелогична. Не незаконска, туку нелогична. И ќе кажам зошто. Не логична е господин заменик министер 30 дена пред законската обврска, Владата да го достави буџетот на Република Македонија за 2009 година да се прави прераспределба на средства на повеќе од 70 милиони евра. Нелогично е за мене пред донеставувањето на Буџетот, да се врши пеглање, или таканаречено порамнување на сметките меѓу буџетските корисници. Со нетрпение ќе го очекуваме извештајот на Државниот ревизор за да може да видиме дали Државниот ревизор ќе ја констира, дали дел од средствата кои што ги давате на буџетските и небуџетските корисници се средства кои што ги добиваат дополнително, заради тоа што ги пробиле сите лимити, ги пробиле законски предвидените средства, кои што им биле доделени и со Буџетот и со ребалансот на Буџетот. Сомнеж за тоа гледам во разделот 09002 функции на државата, каде што замислете, иако не е незаконски субвенции се даваат на јавни претпријатија некаде во висина приближно од милијарда денари. Владата немаше попаметна работа, или не можеше да измисли некој друг посоодветен проект, каде што ќе можеше да ги насочи овие милијарда денари. Јавните претпријатија не се буџетски. Тие се на само финансирање. Оваа одлука за прерспределба на средства е како резултат на неспособноста на министрите на ВМРО ДПМНЕ да управуваат и да ги планираат државните пари. Она што за мене е невообичаено е молчењето на пратеничката група на ДУИ во однос на одлуката за прераспределба на средства. Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, 15 милиони денари. 15 милиони денари се одземаат на Секретаријатот. Не можам да не се присетам на моментите кога го носевме Буџетот за 2007 година, 2008 година. Токму пратеничката група на ДУИ беше најгласна, имаше и најмногу амандмани да се зголемат средствата на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор. Вие молчите. Министерството за здравство 315 милиони денари. На вашиот министер со оваа одлука му се одземаат 315 милиони денари. Или, да биде уште пострашна ситуацијата, Министерството за економија 350 милиони денари. 350 милиони денари одземаат на министерот за економија и тоа 200 милиони во потпрограмата Д-8, развој на индустриско технолошки развојни зони. Очигледно дека Владата на ВМРО ДПМНЕ се откажува од скапо платената реклама, идеја, програма на ВМРО ДПМНЕ Инвестирајте во Македонија.

Ако министерот Трајко Славески и премиерот Никола Груевски се сомневаат во интелектуалниот капацитет на Вера Рафајловска, немојте министре тоа да го правите со ова Министерство, со овој министер, сепак се работи за еден докажан човек, познат, признат економист, многу проекти поминале низ неговите раце и немојте министерот за економија да го претворите, како што тоа го направивте во времето кога беше Вера Рафајловска министер, министер кој ќе ги потпишува вирманите за поделба на плати. Ова го говорам почитувани колеги од ДУИ добронамерно, затоа што ни се случуваше и нас кога бевме во коалицијата. Мечката која што премиерот Груревски ни ја најде во НСДП прошета кон ДУИ, кон ДПА, сега заигра на тапанот и во ДУИ. Не знам како и да е образложението министре, сакам со вас да споделам еден куриозитет во оваа одлука за прераспределба, каде што во разделот 05002 Дирекција за безбедност на класифицирани информации, во хот програма Б2, интеграција во НАТО, одземате милион денари. На сите силни милијарди кои што ги делите каде ќе стигнете, дојдовте до овие милион денари да ви покрие некоја дупка, интеграција во НАТО, ставка 401.

Одам понатаму, Министерство за надворешни работи 350 милиони денари. 350 милиони денари од кои за дипломатско конзуларните претставништва 50 милиони денари. Не случајно почитуван министер во резолуцијата која што ја понесовме како пратеници на НСДП, со поддрка на опозицијата, во точка 4 велиме дека дипломатската активност, особено да се интензивира кон државите кои што ја поддржуваат Република Македонија во процесите на интегрирање во европските и во НАТО структурите. Како ќе го направиме тоа без пари. Вие на овој начин ги осиромашувате нашите дипломатско конзуларни претставништва, а гледаме како грчката политика се однесува кон Македонија, колку средства троши, особено кај оние држави кои што ја признаа Република Македонија под уставното име. И срамот да биде уште поголем, нан претседателот на ддржавата му одземате 500 илјади денари, патни и дневни трошоци. Се со цел да покажете дека некој друг е газда во државата. Патни и дневни трошоци за претседателот на државата 500 илјади денари, а согласно уставот ги има истите оние ингеренции, кои што се со Уставот дадени, а тоа се во доменот на надворешната политика и тоа е и точката 4 каде што бараме во резолуција да се засилат дипломатските активности на надлежните политички субјекти. Како тоа ќе го прави претседателот на државата, ако 500 илјади денари му одземате за патни и дневни трошоци.

На крајот, сакам да упатам една критика од вчера, ќе ми дозволите господин претседател, се беше во функција на локалните избори. Особено забелешката е до мојот почитуван колега Александар Николовски кој што си дозволи од оваа говорница сите градоначалници на опозицијата да ги нарече криминалци, недоветни,

а пак сите градоначалници кои што се од ВМРО ДПМНЕ ги направи ангели. Притоа, заборави да го сомне Кирил Тодоровски од Аеродрдом, кој што го притворивте вие, затоа што ви го растури Комитетот во Аеродром, затоа што ви ја подели советничката група, заради тоа што не можеше да се донесе ниеден ДУП во Аеродром, заради тоа што не можевте да го свикате Советот, немавте кворум. Инсистиравте, притискавте кај нас советникот од НСДП да го направи кворумот, да се донесат ДУП-овите. Ние имавме чувство за граѓаните во Аеродром и дозволивме тоа да се случи.

Не го спомнавте градоначалникот од Кисела Вода кој што виде кога го притворивте градоначалникот од Аеродром, избега во Америка и два месеци седеше таму, додека не му дадовте гаранција дека нема да го притворите. Кој знае што се Државниот ревизор ќе констатира во неговата работа. Исто така заборавивте да спомнете и за градоначалничката во општина Центар. Вие со оваа одлука за пренамена и доделлувате повеќе од 300 милиони денари. Не знам дали знаете што се случува во општина Центар господин министер. Вие како ВМРО ДПМНЕ промовирате идеја на зелена Македонија. Се залагате Македонија да биде пошумена. Ние ја прифаќаме таа одлука но знаете што прави градоначалничката во општина Центар, во оној мал ринг. Сите дрвја во парковите сака да ги испосече, да направи катни гаражи. Освен тоа, оној истиот директор на МЕПСО кој се грижи за енергетската состојба во државата, на кој што му даваат 500 милиони, сега за 300 милиони да ги испосече сите дрвја, да го уништи зеленилото. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе,

На претеникот Мисовски сакам да му реплицирам каде што тој укажа дека се одземаат 1 милион денари од програмата интеграција во НАТО. Господине Мисовски за жал, ова стана практика на оваа Влада и да ве потсетам само дека за разлика од овој еден милион денари, само пред три месеци Владата одзеде од програмата интеграција во НАТО, од Министерството за одбрана цели 360 милиони денари, или 6 милиони евра. За 60% ја скрати програмата интеграција во НАТО на Министерството за одбрана. И не застана таму. Само по три месеци со ребаланссто, целосно ја укина програмата интеграција во НАТО, што беше при Владата на Република Македонија. Со таа програма, да ве потсетам, беа предвидени 6 милиони денари, као специјална програма интеграција во НАТО, во рамките на Владата на Република Македонија. Со ребалансот ја сведува на точно нула денари. Навистина, еден целосно несфатлив потез и таа политика на изолационализам, таа политика спротивна на клучните национани и државни интереси, Владата гледаме дека доследно ја спроведува. Она што заборавила да го скрати како програма за НАТО, со ребалансот во јули, сега го крати секаде каде што заборавиле да кратат и за тоа приоѓаат на кратење на оваа ставка во Дирекцијата од 1 милион денари.

Инаку, кога говоревте за градоначалничката на Центар, целата јавност добро знае дека таа веќе не е градоначалник на Центар. Друг е градоначалник на Центар или принуден управник. Тоа е директорот на МЕПСО. Значи, сега имаме една ситуација која што никој не ја санкционира директор на Јавно претпријатие, кој што не знаеме дали остварува загуба или профит, и од кој што сега со оваа одлука му даваме огромни пари, успат му е градоначалник на една од најголемите општини во државата. Ова прашање мора многу подетално да се разгледува. И сите одлуки кои што ги потпишува директорот на МЕПСО како претседавач на Советот, треба а се знае дека се нелегални одлуки. И дека ќе подлежат, се разбира на судски разврски. Оттаму, треба премиерот Груевски сериозно да се замисли и да се преземат мерки во надминување на овој класичен школски пример на судир на интереси во општината Центар. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Токму за тоа и говорев господине Манасиевски. Ова не е прв пат Владата да покажува ваков однос кон министерствата, кон секторите кои што се задолжени за НАТО и Евроинтеграции. Само сакам да ве потсетам дека минатата година при носењето на првата криминална одлука за пренамена на средства, на Министерството за одбрана му беа одземени 10 милиони евра и дадени на тајната полиција. И тогаш жестоко реагирав, бранејќи еден амандман во Собранието, со кој што му укажував на министерот з финансии дека Министерството за одбрана со одземање на 10 милиони евра, ќе се доведе во тешка ситуација. На две мисии војниците ќе останат без право на плата. Владата немаше слух. Истиот министер бил тогаш и сега.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, господине министер, ајде да замислиме дека глобалната економија е Титаник. И во еден момент бродот удира во санта лед. Оние луѓе кои што се во долните кабини, тие веќе водата ја чувствуваат до колена. Меѓутоа, горе, на горните делови на бродот музиката сеуште свири и луѓето танцуваат и немаат никаква претстава дека бродот тоне. Ова беа зборовие кои што ги искористи романскиот премиер, за да ја предупреди својата и европската јавност за тоа што им се случува и што ни се случува.

За разлика од романскиот премиер, кој што и покажа на својата јавост дека има проблем, ама и дека има начин како тој проблем да се решава. Во нашиот случај македонската Влада и македонскиот премиер по се изгледа се на горните катови на Титаник и сеуште не се свесни

дека водата влегува во бродот и дека таа може да го потопи бродот наречен македонска економија. Токму поради ова, се разбира дека бродот кога тоне, не одговорните пратеници слушаат музика. Токму поради тоа сакам да кажам дека оваа одлука која требаше да биде ребаланс на Буџетот и која што требаше на друг начин да ја донесеме и да биде законска има одличен тајминг. Сметам дека и ние како  пратеници од опозицијата ќе кажеме дека е ова вистинскиот момент критички да го погледнеме нашиот буџет, да размислиме што ќе оставиме да се заврши во 2009 година, меѓутоа, брзо, брзо да се прилагодиме на ново настанатата ситуација. Значи, оваа одлука има добар тајминг, ама има катастрофална содржина. Овој тн., ребаланс е типичен ребаланс на ној, кој ја ставил главата длабоко во песокот и не сака да иди што и се случува на македонската економија. Според кажувањата на сите кои мислат добро на Македонија и на другите држави како Македонија, овие проблеми не можат и не сметат да се игнорираат затоа што се закана и на државите кои можеби на почетокот од страна ја гледаат глобалната криза и мислеа дека таа ќе ги одмине. Се согласувам со едно нешто што беше кажано од страна на власта или на владеачкото мнозинство. Не треба да се дига паника. Психологијата и по ова прашање игра улога. Меѓутоа, во моментот на Македонија не и треба паника, но во  моментот на Македонија неопходно и е потребен некаков план. И секој одговорен политичар, особено премиер, министер за финансии, министри кои што работат во економските ресори, мораше до сега, веќе месец дена помина, откако се објави дека финансиската криза ќе има сериозни последици да излезе пред македонската јавност и да ја смири, не со тоа што ќе каже Македонија е остров и нема да има кризата влијание на нас, туку на тој начин што ќе каже ова се активностите кои што ќе ги преземеме.

До ден денеска таков план не чувме. Факт е дека го делиме мислењето дека македонските банки можат да го издржат притисокот кој што не го издржаа некои други банки. Меѓутоа се постави прашањето како ќе го издржат притисокот. Многу едноставно: Ќе го намалат кредитирањето, ќе ги отежнат условите и ќе ги зголемат каматните стапки. И кога тоа го говоревме пре неколку недели Владата тврдеше дека тоа е само катаклизмично сценарио на опозицијата. Денеска не слушам да излезат со проценки што во ваква ситуација.

Се говореше надолго, јас само сосема накусо ќе споменам неколку елементи. Нашата метална индустрија е окосница не само на порастот на економијата туку окосноца на нашиот извоз. И при многу успешна метална индустрија во државата ние имаме сериозен проблем со нашиот дефицит. Упорно продаваме малку, а купуваме многу. И државниот буџет е сличен на домашниот буџет. Ако продолжите многу да трошите а малку да создавате, некој во семејството ќе мора да ги врати долговите. Во нашиов случај не гледаме план ниту за тоа. Металната индустрија која  денеска вели имаме сериозна криза која може да ги натера фабриките да отпуштаат работници која дефинитивно ќе го намали производството, ќе го намали извозот. Има 43% од македонскиот извоз. План за помош на металната индустрија немаме. Текстилната индусритија која помога со дополнителни 22% во извозот на Република Македонија исто така е под сериозен удар, побарувачката се намалува, нарачките се намалени и тие веќе најавуваат, ако нешто не се случи ќе мора да оптпушаат вработени. 46 илјади лица работат и заработуваат во таа индустрија. Ние и на нив односно Владата им вели немаме план, ова е бура, ќе помине, се ќе се врати во нормала.

Ајде да дефинираме што се е загрозено во Република Македонија. Во Македонија е загрозен извозот и тој ќе се намалува, во Македонија се зголемува дефицитот кој и онака беше огромен. Во Македонија бројот на вработени може да почне да се намалува заради отпуштањата во овие индустрии и во Македонија по се изгледа инвестициите ќе се намалуваат бидејќи капиталот и според домашните прогнози и според Ситигруп и во светот и во Македонија ќе стане поскап и помалку ќе го има на располагање. Сега и во ваква ситуација сите параметри се загрозени, ние велиме македонската еконимија без последици ќе го преживее сето ова.

Ајде да видиме што се случуваше изминативе месеци на македонската берза или да не зборуваме за изминатите месеци, ајде да зборуваме за целата оваа година. Македонската берза доживеа нејзиниот индекс за едан година да падне за 65%. Тоа значи дека македонските компании изгубиле 65%од својата вредност. Владата вели нема проблем. Металните индустрии ќе намалат извоз, Владата вели нема проблем. Текстилните фабрики ќе отпуштаат работници, Владата вели нема проблем. Бројот на вработени може да се намали, луѓето да бидат отпуштени, Владата вели нема проблем. И вчера дури слушнавме од министерот за финансии гордо кажува, опозицијата даваше некои предлози како Македонија да се справи со инфлацијата, ние не ги послушавме и тоа беше причина за гордост кај министерот за финансии и претпоставувам дека со тоа сака да каже, и сега опозицијата Ќе говори за оваа финансиска и економска криза, но ние повторно нема да ве слушаме. Тој  инает не доведе во ситуација македонските граѓани веќе да живеат со сериозна инфлација која што им ги јаде платите и заработувачката. Сега потврдете уште еднаш дека оваа Влада од инает ќе дозволи македонското стопанство да успорува, а таа нема да прави ништо.

Сосема накусо, во Одлуката меѓу другите се предлага следното: се намалува подршката на мали и средни претпријатија. Се кажува дека парите за кои ни говори Владата две години, за медицинска опрема, за нови амбасади, кои секоја година ги ставаме во буџетот, немало капацитет и

знаење од страна на министрите за да се потрошат и затоа здравството е на ова дереџе, затоа Македонија нема амбасади.За градежно објекти само во една ставка се одземаат 200 милиони денари. За Злетовица, Лисиче и Јужно вардарска долина се одземаат 55 милиони денари, внимавајте од основно образование-градежни дејности се одземаат 150 милиони денари, кога знаеме во каква ситуација се нашите училишта. Ние велиме на учениците одите во никакви срушени училишта каде што нема ни санитетски јазли, а Владата и парите што ви ги дала, ви ги најавила на почетокот на годината, ни тие нема да сака или нема да знае како да ги потроши.

За регионалниот развој говореше мојот колега. И така натаму, и така натаму.

Сите добри работи не се случуваат и пари се земаат од нив, а еве каде се згломуваат трошоците. Други тековни расходи, фантомските тековни расходи во Владата растат 24 милиони денари и мојот фаворит, ситниот инвентар во една од ставките расте од 3 милиони на 123 милиони денари. Ме интересира како ситниот инвентар без тенадер за не цели два месеци ќе успеете да ги намалите. Нема да ги спомнам договорните услуги од 900 милиони денари. За мене ова е одлука ној, за мене ова е одлука со која парите кои требале да се потрошат преку јавни набавки законски ќе се потрошат преку ноќ со директни спогодби. За ова господа пратеници некој ќе носи одговорност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски**: Господин претседател, почитуван мнистре, почитувани колеги,

Госпоѓа Шекеринска праша на почетокот од своето излагање дали знаеме што ни се случува. Јас мислам дека не знаеме што ни се случува. Вчера бев навистина спречен, се јавив за дискусија меѓутоа имав некоја обврска со европарламентарците во сферата на човековата околина кои беа во посета на Македонија и не стасав да говорам. Меѓутоа сакам, бидејќи ми даде шлагфор госпоѓа Шекеринска да кажам навистина како гледам после оваа одлука што се случува на Македонија.

Ако гледаме во континуитет две години, ова е трета година, како се трошат државните пари, доаѓам до заклучок дека во Македонија се одвиваат паралелно три процеси многу опасни за иднината на државата, особено за демократијата за која постојано се опоменуваме и сега од Брисел добивме крајно негативна проценка. Првиот процес што ни се случУва е очигледно дека удираме темели на корпоративна држава. Тоа прептоставувам господинот министер им го предава на студентите..

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, имате реплика кон гопсоѓа Шекеринска.

**Тито Петковски:** Госпоѓа Шекеринска праша што ни се случува, јас одговарам што ни се случува, јас реплицирам на тоа.

Што е корпоративна држава? Тоа е држава која во сиромашно општество има огромен буџет и е најголем инвеститор и вработувач, држава која гради и вработува. Тоа е за Македонија апсолутно погрешниот пат, тоа дефинитивно не легитимира пред нашите европски партнери дека немаме амбиции да бидем нивен дел.

Вториот страшен процес е тој што им порачуваме скратувајќи ги средствата од НАТО, од институциите, министерствата и другите асоцијации задолжени за евроинтеграциите покажуваме дека не сме заинтересирани за НАТО и за Европската унија. Реторички да, а практично не. со постојаното одземање на средства од Министерство за одбрана и се разбира со негирањето, односно одземањњето пари од Секретаријатот за европски прашања и Претседателот на државата, јасно кажавме во Резолуцијата, ги предвидовме тие процеси дека на Македонија ќе и се случи она што Грција го прави, ние сме отсутни од земјите што не признаа, а Грција во офанзива, ни се случи Панама, Мексико, Конго, а може да ни се случуваат и други држави. Значи без пари не се оди таму и не се добиваат.

И третиот процес исто така е многу страшен. Ние набилдајќи и практично, тајната полиција во државата, јавно соопштуваме дека градиме полициска држава и тоа се рефлектира. Она што се случи вчера со затворање на Студентското радио, тоа е уште едно посегнување по медиумите, нивното замолчување се во имате на полициската држава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика за господинот Мисовски Горан, повелете.

(Госпоѓа Радмила Шекеринска бара контра реплика).

Реплика има господин Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Еве, госпоѓа Шекеринска, вие имавте ваша дискусија, беше во друг правец насочена, но јас сакам само да ви реплицирам во оној дел каде штокажавте дека можеби содржината не е важна. За мене и те како е важна, па еве сакам да изнесам уште неколку елементи од содржината на одлуакта за пренамена, каде што во Министерството за информатичко општество има намалување на средства од 24 милиони денари. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најсилниот адут на Владата на ВМРО-ДПМНЕ 170 милиони денари и т.н., но она што госпоѓа Шекеринска за мене е најсуштествено, нека ми прости министерот ако грешам, тука е да ддаде одговор, инфорамцијата која што проструки меѓу нас пратениците е дека министерот за финансии Трајко Славески дал налог одлуката да се реализира во Трезорот пред ова Собрание да ја изгласа. Реков тоа е информација која што

проструи меѓу нас пратениците, уште еднаш се извинувам на минситерот ако не е точна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Шекеринска Радмила.

**Радмила Шекеринска:** Пожитуван колега пратеник, можеби не се разбравме добро. Мислам дека содржината е многу важна. И каде да погледнете, и каде да чепнете под површината ќе видите или има интерес, или има потенцијал за корупција или има ситна кавга меѓу различни минситри и различни партии во Владата, па ќе земеме од едните, ќе си дадеме на своите. Примерот, бидејки гледав дека претседателот нервозно реагира, примерот кој што го дадов дека од 3 милиони денари кои биле наменети за ситен инвентар, наеднаш министерот за финансии сфатил дека за ситен материјал треба 123 милиони денари, покажува колку паушално , неодговорно и криминално се носи оваа одлука. Министерот за финансии не договори како 123 милиони денари на ситен инвентар ќе се потрошат за два месеци. Очигледно ситен е инвентарот, а крупна е корупцијата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Релика има господин Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Благодарам претседателе.

Ќе се обидам низ дискусијата која што госпоѓа Шекеринска ја пласира тука и мислам дека наметна одредени прашања, меѓутоа сугерира и одредени одговори. Би се осмелил да кажам дека оваа одлука која беше презентирана од госпоѓа Шекеринска како сантата на мраз на Титаник е само еден сегмент на нашето погрешно водење или погрешно сваќање и поимање на државата која што господинот Тито Петковски со право ја дефинира како корпорациско владеење.

Оваа одлука, надвор од еден реален ребаланс, е само лош пример на криминална пракса која се воведува во Република Македонија и која што е само оправдување за ирационални трошења на било која власт во Република Македонија, доколку остане воопшто држава после се ова.

Инаку, можам да ви кажам дека принципот на ној кој го пласиравте госпоѓа Шекеринска јас поинаку би го крстел овде, мислам дека оваа Влада не сфаќа дека прави криза во Република Македонија, е на ја гледа кризата која е надвор, и практично ние имаме две кризи, една е нашата македонска или лична, а другата е глобалната или светска. А она што ќе се случува и случува е само една интерференција меѓу две кризи која што може да биде само рецепт како да се упропасти држава. Она што сега ни се случува после две години владеење е рецепт како да се упропасти држава за две години со "Резулатати сега" кои беа наметнувани од владеачката партија. Потписот нормално е "Остваруваме" и успеавте да го остварите во оваа одлука, одлеавте 74 милиони евра кои знае каде и за што.

Производ на сето ова на крајот ќе биде резултатот кој следи на 5-ти ноември, а драфт верзијата во Европската унија веќе е наговестена. Тој извештај е толку лош што мислам Република Македонија полош извештај ниту ќе може во иднина да доживее. Да имаше можност да се земе мандатот на Република Македонија мислам дека и тоа ќе го направеа.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска**: Ја делам вашата разочараност околу еврпскиот извештај кој покажува дека во нашиот случај Титаник можеби е македонската економија, ама сантата мраз не оваа одлука, сантата мраз е оваа Влада, која и покрај сите предупредувања оди напред 200 на час, ама оди напред 200на час кон провалија, со погрешни политики и со погрешен начин на однсување. Извештајот од Европската комисија ни го кажа следново: Две години по ред не тераат да повторуваме исто одделение, извеШтајот вели не сте доволно добри. Третава извештајот е драматично полош, сега не враќаат едно одделение назад затоа што сфатија дека лошиот ученик во македонската Влада не ги сфаќа ни добронамерните критики. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Илустрацијата или цитатот што на почетокот од своето излагање го даде почитуваната госпоѓа Шекеринска се разбира сосема е во ред, само сакам да ја искористам оваа прилика едно дополнување да дадам. Спомна госпоѓа Шекеринска дека се работи за изјава на романскиот министер. Сакам да споменам дека романскиот премиер е либерал демикрат, е претседател на Либерално - демократската партија во Романија и такви изјави и такви политики водат либерал демократите. За жал, ние во Македонија имаме премиер вмроовец, наводен конзервативец, во суштина популист социјалист од најлош карактер, што го покажува и оваа одлука и затоа ние не можеме да имаме таква свест, затоа нашиот премиер нема да го слушнете да дава такви промислени длабоки илустрации кои што ја отсликуваат денешната криза.

Сега кој се либерално демократските рецепти за излез од оваа криза, кои ако се паметни луѓето во Владата ќе ги послушаат, госпоѓо Шекеринска.

Првиот чекор што мора да се направи е намалување, кастрење на јавните расходи. Погледнете ја политиката на наводно нашата конзервативна Влада. За две години зголемен е буџетот за цели 800 милиони евра. Кога дојде оваа Влада буџетот беше 1 милијарда и 500 милиони евра, сега е 2 милијарди и 300 милиони евра. Тоа е една, јас би рекол сулуда, откачена од контрола политика на пумпање на буџетот и на јавните расходи. Сега на чија сметка се пумпа буџетот и јавните расходи? На сметка на стопанството, на сметка на граѓаните. Затоа, илустрацијата или описот на Македонија во овие две години ии особено во моменмтот кој што го

дава секој добронамерен аналитичар е следен: Богата Влада полна со пари, исцедено стопанство, осиромашени граѓани. Тоа е сликатана Република Македонија затоа што не се применува еден класичен либерален рецепт на намалување на јавните расходи. Само така ќе може да има повеќе пари во стопанството, повеќе пари кај граѓаните и подобар развој. Се друго е политика на еден целосно промашен во својата насока интервенционизам кој што е целосно арбитрарен и кој што гледаме дека со оваа одлука се става во функција непосредно на реализација на целите на владејачката партија за претстојните локални избори.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Владата не што не ги слуша европските либералдемократи, не ги слуша ни оние од десницата. Левицата, десницата, центарот се обедини со тоа што кажа дека нешто мора да се промени и да се прави. За среќа, лидерството го превзема еден левичар, лабуристот Гордон Браун. Меѓутоа, дури и десницата предводена од Никола Саркози сега веќе најавува на кој начин државата ќе субвенционира создавање, или зачувување на работни места. Внимавајте, десница, иако можеби Саркози не е типичен десничар и таа вели, ова веќе не може на ист начин понатаму. И да не останам должна и за еден дополнителен коментар. Сегашната глобална економска криза покажа дека филозофијата на десницата е осудена на неуспех и дека пазарот не ги решава сите проблеми. А ако во нашата ситуација имаме пазар кој не ги решава проблемите и лоша Влада која создава нови, тогаш навистина Титаник ни е судбина.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Ми се допаѓа дискусијата поради тоа што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ некако одлучија овие два дена да не учествуваат во сцената која што беше подготвена од страна на опозицијата. Меѓутоа, заради мало освежување на меморијата на колегите од опозицијата, ќе споменам неколку податоци и на крај ќе го кажам и моето мислење. Значи, основните критики по оваа Предлог одлука се движеа во две насоки. Првата насока беше генералната состојба во македонската економија. Втората насока беше реализацијата на капиталните расходи. Ќе кажам неколку поенти во поглед на генералната состојба во македонската економија. 2006-тата година кога ВМРО-ДПМНЕ ја превзема власта бројот, процентот на невработени според податоците од Државниот завод за статистика беше процентот 37%. Последните податоци од Државниот завод за статистика говорат дека процентот на невработеност е 33,8%.

Второ, податоци од Народната банка каде што гувернер е поранеше член на една политичка партија во опозиција. Во првите пет месеци во Република Македонија нивото на странски директни инвестиции изнесува 230 милиони евра, приближно исто колку во текот на минатата година која што беше највисока по инвестиции, со исклучок на оние две години кога се продаваа Електростопанство и Македонскиот телеком, или во првите 7 месеци висината на инвестициите според Народна банка во Република Македонија е 307 милиони евра. Бруто домашниот производ во првиот квартал од оваа година порасна 5,2%, во вториот квартал порасна за 6,5%. Намален е јавниот долг за 133 милиони евра, индустриското производство во првите 8 месеци, во споредба со првите 8 месеци од минатата година е згоемено за 9,7%, или во септември месец во споредба со септември минатата година индустриското производство е зголемено за 15%. Коментарите, ставовите и позициите на меѓународните монетарни институции во однос на растот на македонската економија се многу јасни и многу прецизни. Многу често во Република Македонија доаѓаат претставници на Светска банка, на Меѓународниот монетарен фонд и ги кажуваат своите позиции. Ова не го кажувам без да имаме чувство за конкретната актуелна состојба во економијата. Меѓутоа, ве молам, нема да создаваме психоза и паника како што тоа го правевте со инфлацијата, како што тоа го правевте со порастот на цените на нафтата. Јас сум исклучително среќен што сите критики за економијата ги базирате на генералните светски текови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Еве господине Илија Димовски со што треба да се справат македонските граѓани. Ова ние го создадовме? Овие покачени животни трошоци се реалност. 360 илјади невработени се реалност. Текстилната индустрија и металната индустрија кои можат да крахираат се реалност. И денеска од вас не чувме молк само два дена,ние слушаме молк од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ две години, две години молк за најважните прашања на македонските граѓани. За жал, молчи и Владата. Ама јас знам што ќе се случи. Ајде да се кладиме. Сега македонската Влада се однесува како да нема криза и како да ќе измине. Јас ви гарантирам дека следната година Владата секое оправдување за лошите економски резултати на својата политика ќе го правда со глобалната криза. Оправдувањата не минуваат. Кога цел свет се организира да ги намали штетите од кризата, македонската Влада е на продолжен одмор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека госпоѓата Мираковска Соња не е тука, го губи правото за збор по претресот.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Десет минути се малку кога зборуваме за ваква тема. Но, ќе се обидам да кажам повеќе работи во

овој временски период. Првата работа е што продолжува праксата што треба да биде исклучок, а тоа е дека ваков тип на прераспределба на средствата господине министер не може да се напави со одлука. Тоа може да се направи само со ребаланс на Буџетот. Првиот обид ви изнесуваше 50 милиони евра, сега се подобрувате во негативна смисла 75 милиони евра што е од прилика 3% од вкупниот Буџет на Република Македонија, вие сакате да ги прераспределите на десет страни. Да ве потсетам, дека оваа тема на расправа ја имавме и со вашиот шеф господинот Груевски на лидерските средби кога го носевме новиот закон за буџети каде што бевме стриктни и добивме уверување на таа лидерска средба дека ваквиот тип на одлуки ќе бидат исклучок и дека нема да се повторуваат. Некој ќе рече, ова е на раб на законот, јас ќе речам, ова е надвор од законот и во таа смисла ќе направиме најмалку два потега. Првиот е дека сериозно ќе се обидеме да ја оспориме оваа одлука во форма и во процедура пред Уставниот суд на Република Македонија. А втората е дека господинот министер, вие со ваквиот начин на работење сте зрели да добиете и пријава за злоупотреба на вашата должност во кривична форма за која што дефинитивно во некој друг временски период, бидејќи сега сте заштитени, ќе треба и соодетно да одговарате.

Третата работа, кога ќе ја тргнеме на страна процедурата и формата, е содржината. Вие господине министре ја темелевте целата проценка на почетокот на 2008 година врз претпоставки кои што сега се гледа дека паѓаат во вода. Раст од 6%, го немате, зголемување на извозот, го немате, зголемување на инвестиците, ги немате, зголемување на вработеноста, ги немате. Напротив, сега доаѓаме до суровата и болна вистина дека Македонија има трговски дефицит од 2 милијарди долари. Имаме ситуација каде што растот ни приближно нема да ја достигне бројката од 5%, извозот е намален. И внимавајте господине министре кога ја убедувавте целокупната македонска јавност дека извозот расте, тоа беше единствено само врз порастот на цената на металите на светските берзи. Е сега тие паднаа за 60%, за 70%. Сега кој ќе биде крив што нашиот извоз ќе падне? Доаѓаме до суровата реалност дека Македонија немаше реален пораст на извозот, имаше само реално вредносно зголемување на извозот, бидејќи никелот, феролегурите и останатите метали, железото, лимовите итн, драстично пораснаа на светската берза. Сега имаме обратен процес, затоа и вас ве нема на телевизијата да ги искажете овие работи. Дополнително правевте проценки за буџет во кој што најлесната работа што успевате 2,5 години да ја правите, а тоа е да соберете акцизи и ДДВ од нафтата и нафтените деривати и направивте една процена од 140 долари по барел. Сега дојде 70, два пати помалку. И сега веќе ви се јавува дупка и затоа и во делот срамежливо, но сигурно почнувате да земате дел од парите и да ги давате во ПИОМ, во Фондот за здравство за да ги пополнувате дупките кои што сега се можеби мали, но дефинитивно за следната година ќе бидат многу големи, бидејќи ги зголемивте платите и пензиите без да имате сериозна подршка во реалниот сектор за самото тоа. Затоа сега производството што е намалено работи, иако нема продуктивност, за да вие ја покриете одлуката за зголемување на платите и пензиите.

Четврта работа, е дека господине министре, со самите вакви прераспределби кои што ви се пракса, вие треба да си поднесете оставка. Па зошто работите таму во Министерството, ако не знаете да направите биланс, план за реално остварлив Буџет, кога на секои три месеци вие ни ги менувате ставките. Претходно не убедувавте дека овие ставки се добри кога го носевме Буџетот за да истите тие ставки сега ги менувате. Или не ве бива во планирањето, а тој е првиот критериум за носење на Буџет, не ве бива во остварувањето што е вториот критериум за Буџет. И третата работа, вие си играте мајтап со народните пари небаре ви се од мајка и од татко дадени во џебовите и можете со нив да си играте играчки, народски кажано.

Дополнително господине министре, вие со ваквите трансфери на пари кои што ако ги погледнеме многу бегло, нема потреба да ги анализираме, ги давате за договорни услуги во Фондот за здравство милион и двеста илјади евра, за договорни услуги. Пак нема основни медицински материјали, пак гине девојче од три, четири години од обична бактерија, или вирус, бидејќи немаат основни стерилни услови. Ама за договорни услуги милион и двеста илјади евра. И после ќе се прават коктели од Фондот за здравство. Договорни услуги во износ од 300 илјади евра оди во Фондот за магистрални и регионални патишта. Повторно господине министре други тековни расходи во Владата се зголемуваат за 400 илјади евра. Ова е некоја нова кампања, претпоставувам ова е најкриминалната досега: отвори си го срцето, со калугерката. Дополнително 70 илјади евра во договорни услуги во Агенцијата за развој и инвестиции, 100 илјади евра во Дирекцијата за заштита и спасување за купување на мебел и опрема. Повторно купување на мебел и опрема сега во Министерството за правда. Господине министре, вие се дрзнувате да земете 500 илјади денари на претседателот на државата што е ситно, невидено од ваша страна. 500 илјади денари земате за патни трошоци на оној што треба да ја застапува и да се бори во клучните моменти за НАТО и за Европската унија. Јас имам друг предлог до вас. Да му ги земете сите пари за патување на Никола Груевски, бидејќи и така никаде не патува, никој ниту му доаѓа, ниту тој патува, ниту некој го прима. Сите пари за патување на премиерот да си ги земете и да купите мебел колку душа ви сака. Нема да се осети во државата, бидејќи и така човекот е изолиран, никој не го прима, освен ако сам не отиде на партиски средби и во ходник со апаратче го сликаат дека се сликал со некој. Само тоа во

изминативе година дена е трошок на премиерот. Затоа ве молам кога ќе го носите Буџетот сите пари на Груевски да му ги земете за патување, бидејќи и така на човекот воопшто не му се потребни. Дополнително, во целата оваа работа се обидувате од клучните ресори како Одбрана во делот за НАТО да ги земете парите и да ги дадете на Агенцијата за развој и инвестиции. Пред да го направите тоа треба да ни дадете отчет што сработи Ташковиќ за две години, а се потрошија милиони евра, што сработи Самак за две и кусур години, а уште е во Владата. Што сработеа оние економски промотори што шетаа со прва класа која што чини 7 илјади евра авионска карта и во најлуксузни хотели. За да можете пак да и давате на оваа Агеницијa за развој и инвестиции чиј што директор е повеќе владин повереник, во меѓувреме диџеј и санатор на фирмите кои што сега гледаме дека протестираат пред Владата. Во превод ОХИС. Или пак и тоа воопшто нема да ви биде битно да го одговорите.Или на крајот во овој дел зборувате дека вие сакате да префрлите пари во Министерството за внатрешни работи пак за набавка на некоја безбедносна опрема. Се секавам на изјавата легендарна, чинам или беше на Груевски, или на Милошоски, на крајот е исто, дека Македонија не треба толку да се сеќира ако не влезе во НАТО за две години, бидејќи сите ќе биле во НАТО околу и тоа е факт, уште Србија фали и Косово. И Македонија кога ќе има таква ситуација, нема потреба да се плаши. Е па ако немаме потреба по таа ваша апсурдна логика, зошто толку пари во Министерството за внатрешни работи. Или вие имате потреба да се браните од внатрешниот непријател по некоја ВМРО-вска логика од 18-тиот век и сега за тоа ги пренаменувате овие пари.

И на крај за две многу крупни работи за кои што лично сум многу разочаран од вас. Да кажете дека финансиската криза на светско ниво ќе не одмине, небаре тоа е едно облаче дожд кое што само ќе го продува ветерот, во најмала рака е трагично. Знаејќи, барем вие тоа добро го знаете, вие сте добар теоретичар, лош практичар сте, ама никој не може да ви го оспори академското знаење. После оваа изјава ќе почнат да се сомневаат. Како можете да кажете дека некој може да верува дека во Македонија од два милиони жители со минимална економија каде што 70% од македонските банки имаат странски инвеститори, ќе не одминела светската економска криза. Еве, до кое дереџе дојдовме денеска после две недели, три недели од таа ваша изјава. И на крајот, господине министре, не роневме крокодилски солзи за инфлацијата. Сакавме да ви помогнеме. Вие не се справивте со инфлацијата. Светската криза ви ја реши инфлацијата. Денеска нема побарувачка, понудата е поскапа, нема ликвидност и денеска инфлацијата е намалена од проста причина што никој веќе не купува, никој не набавува, зделките се откажуваат и имаме вовед во рецесија кој што ако продолжи на овој начин ќе заврши со вашата омилена теза, а тоа е дефлација и вие пак ќе си седите во истата фотелја, времето ќе си ги решава проблемите. За тоа време граѓаните ќе бидат посиромашни, стопанството поисцицано и ќе имаме уште поголеми проблеми на овој план.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мисовски Горан има реплика на говорот на господинот Игор Ивановски.

Повелете господине Мисовски Горан.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Јас, господине Ивановски, во два сегменти на вашето излагање ќе ви реплицирам.

Не бевте во право кога кажавте дека Одлуката е на десет страници. Таа има 13 страници.

Но, она што е скандалозно, господине Ивановски, тоа е образложението. 75 милиони евра се реалоцираат таму-ваму, како што вели народот, на една страница од А-4 формат. Овде волку, онде онолку, вкупно една страница А-4 формат. Не сте во право, не се десет стрници, 13 страници се. Се потрудиле на 13 страници сите раздели да ни ги опишат.

И, не знам од каде ви беше идеата, на почетокот почнавте фино со бројки и веднаш оп, за идеологија. Лева-десна. И не бевте во право ни тука господине Ивановски, од едноставна причина што вчера почитуваниот колега Александар Николовски ни држеше час по политика, ни укажуваше како десничарските влади располагаат со финасиски средства во светот. Па, визави тоа, како десничарската ВМРО-вската влада располага со средставта на граѓаните и едностанов кажа дека таа филозофија не подразбира мешање на државата во претпријатијата.

И ете, веднаш демант од неговиот шеф, во оној раздел во кој што говорев пред малку Функции на државата, трансфери, субвенции за јавни претпријатија 950 милиони денари. Веднаш демант од неговиот шеф.

Ако е таква ВМРО-ската филозофија, Владата да не се меша во претпријатијата, зошто во јавните претпријатија, ќе се пофторам од минатиот пат, се претпријатија формирани од Владата, но не се буџетски корисници, впумпува 950 милиони денари. Или близу милијарда денари. Во услови на ваква светска криза каде што сите држави се мобилизираат да го искористат секој фениг за одбрана од оној бран што сигурно нема да ја одмине и Република Македонија, ние сега еве, спротивно на филозовијата на ВМРО-ДПМНЕ, повторно државата се меша таму каде не и е место. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господиниот Ивановски Игор.

**Игор Ивановски:** Благодарам колега Мисовски.

Три примери каде што Владата до сега се има измешано. Еден е добар, другите се негативни.

Господине Славески, Владата директно се вмеша...

**Трајко Вељаноски:** По Мисовски, по Мисовски контра реплика е.

**Игор Ивановски:** Се извинувам.

Господине Мисовски Владата директно се вмеша на тој начин што со изградба на слободната економска зона Бунарџик направи субвенција на тие претпријатија таму. Пример Џонсон Контрол. Тоа е добара пример.

Владата директно се вмеша со ОКТА за да земе пари. Поделија провизија. Направија методологија според која се плаќа повисока цена на нафтата, а тоа го плаќаат граѓаните, патем се загадуваат.

Но, Владата, она што не сака да го направи е да помогне на оние фирми што го формираат БДП-то во една четвртина и што формираат 40% од Буџетот, од извозот се извинувам на Република Македонија, е за тоа не сакаат да помогнат, ама таму каде им одговара, како што е интервенцијата во ОХИС, како што е интервенцијата во ОКТА за да ги поделат парите, таму интервенираат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика на Тито Петковски на говорот на господинот Игор Ивановски.

Повелете господине Петковски Тито.

**Тито Петковски:** Господинот Ивановски спомана во својата дискусија меѓу другото, набројувајќи ги позициите и она во делот кога се спомнув аколку пари се одземаат од Министерството за надворешни работи и особено делот што се однесува за од овие средства скратувањето на дипломатско конзуларните претставништва воизнос од 50 милиони денари. Уште во минатата година познато беше Секретарјатот за европски прашања во соработка со Комисијата за европски прашања на Собранието заклучија и во Буџетот беа предвидени обврски односно не беа предвидени обврски, донесовме политички заклучок дека треба да се зголемат средствата за потребите на мисијата во Брисел при македонската мисија , при Европската комисија и се разбира при НАТО. Јас сакам навистина наспроти сите овие дискусии овде, господине министре да не информирате дали навистина се зафаќа и дел од оние средства што се наменети...

**Трајко Вељаноски:** Господинот Игор Ивановски, кон него да се осфрнете.

**Тито Петковски:** Не, не и на Игор Ивановски треба министерот да му одговори, не јас.

**Трајко Вељаноски:** Не е репликата кон министерот.

**Тито Петковски:** Дали се задира во средствата што беа предвидени за вработувањето на 20-тина луѓе во мисијата Македонска при Европската комисија и при НАТО.

Ве молам за еден кус одгоовр.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

Господине Петковски,што се вели џабе се трудите, бидејќи тие ќе останат да молчат, парите од ресорните клучни министерства во овој период ќе ги земаат и ќе даваат на кампањи од типот Отвори си го срцето, ама во исто време кога ќе гиотворат луѓето новчаниците се празни и замислете легендарната најнова кампања Изградба на карпа за спортско планинарење во Република Македонија. Небаре Македонија е Војводина и има низини и рамници. Македонија што го има Кораб, Матка, Кожув, и разно разни највисоки планини и убави предели, сега ќе треба младиве овие што ги викаат лавови, кои што се лавови само на хартија да потрошат уште некој милион од нашите и на луѓето во Република Македонија пари за да изградиле вештачка карпа и на неа некој да се качувал. Веројатно, трипати ќе отвораат. Затоа, господине Петковски нема пари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Реплика има госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Игор Ивановски, за вас вообичаена дискусија, сценарио невидено, освен за светската криза ... (реакција од пратениците). Престанете, ве молам ако сакате за ред, мислам дека не е ништо смешно.

**Трајко Вељаноски:** Во ред е. Колеги, да ја сослушаме колешката.

**Анета Стефановска:** Освен за светската криза и некои паушални зборови помешани со ароганција без основа дискусии,празни,неаргументирани,ние овие два дена за жал ништо не слушнавме од опозицијата. Меѓутоа, не е проблемот и трагедијата во тоа. Трагедијата е во тоа што слушаат граѓаните сокаков потенцијал располага опозицијата.

Второ, што сакам да реплицирам е она што гоискажавте за премиерот господинот Никола Груевски. Тоа се тешки зборови пропратени со лаги, а за кои граѓаните слушаат. Но, мислам дека вие сте испомешале се во главата, сигурно мислевте на Бранко Црвенквски, ане за Никола Груевски, бидејќи јас го немам видено, освен до Србија да одеше, некаде на друго место во првите две години. Сега, малку се разбуди оти виде дека валста има висок рејтинг. Тука е работата и тоа граѓаните го гледаат и немојте да мислите дека со тоа носите некакви си поени. Најтрагичното од сето ова што го сфатив во овие два дена е дека вие немате апослутно никакво чувство воопшто ни за граѓаните, ниту за нашата света држава Република Македонија и тоа е многу жално и трагично.

Почитуван колега, би ви препорачала навистина да се испитате себе си и присхотерапија сами да си дадете за да можете да се надминете за овие тешки зборови што ги искажавте. Народот и граѓаните вас ќе ве презираат.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика е пријавен господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** За овој последниот дел нема да реагирам, господ дава, господ зема и толку е. Само уште една работа да викажам коелшке

Стефановска, нависитна разбирам кога велите не можам да го видам претседателот Црвенковски како патува, бидејќи вие веројатнони телевизија не гледате, а постои статистика во оваа држава. Се гледа кој каде отишол, кој каде не отишол. Ако можете да ми наброите веднаш ако ви даде господинот претседател време во три секунди да ми наброите три последни премиери со кои што се среднал Никола Груевски во последниве две години. Затоа, колешке Стефановска велам џабе парите одат таму. Ајде да им ги дадеме на луѓето попаметно ќе ги искористат. А, ваквите чувства како што вие ги имате за граѓаните што градите карпи сред Македонија што е 70% планинска, навистина не можам да разберам. Веровватно таква реалност подобро ќе ја имате кај Хунзите во Пакистан и таму ќе ви биде поубаво.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што истече времето тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа 15,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседател.

Се радувам што сум првиот што го користи правото од Деловникот за работа на Собранието, членот 88 алинеја 2, како координатор на партијата можам да земам збор во текот на расправата.

Денес е вториот ден од расправата за прераспределбата на Буџетот. Се кажаа многу работи и сигурно сте забележале дека позицијата на ДУИ во оваа расправа беше колку мизерна, толку и смешна.

Еден од најасните показатели и за тоа колкаво е влијанието на една политичка партија во една владеачка коалиција, без сомнение е Буџетот. Намалувањето на Буџетот во ресорите, доколку можеме тоа да го наречеме така, кадри од ДУИ, јас покажува дека оваа партија е без никакво влијание и едноставно е сервилна во оваа власт.

Вознемирувачки е фактот што овие јадници се обидуваат да го бранат овој скандалозен ребаланс, посебно за Албанците, немаат ниту еден аргумент. Како единствен аргумент тие го спомнуваат зголемувањето на Албанците вработени во државната администрација од страна на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Токму со оваа реалокација или ребаланс на Буџетот од оваа многу значајна институција, како што е Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, се одземаат 15 милиони денари. Ситуацијата немаше да биде толку трагична доколку на овој износ не се додадат и 88 милиони денари кои се одзедоа од овој Секретаријат со првиот ребаланс кој се направи пред неколку месеци и кој буџет ДУИ како дел од парламентарното мнозинство го изгласа без ниту една забелешка.

Цело време од колегите пратеници од ДУИ кои како аргумент го спомнуваат вработувањето на Албанците слушаме и јас јавно ќе ги прашам дали тие знаат колкав е Буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор или поточно колку средства останале од Буџетот што ДПА го изгласа за функционирање на овој Секретаријат и за вработување на Албанците во институциите во системот и кој, додека беше ДПА на власт беше 240 милиони денари. Да ги потсетам дека во текот на нивното владеење овој Буџет беше 40 милиони денари. Изгледа сега настојуваат на секој начин да ја достигнат таа сума од 40 милиони денари во буџетот за спроведување на Охридскиот рамковен договор.

Ќе ве прашам вас јавно, токму и заменик претседателот на Владата, господинот Адеми, како ќе ги реализира вработувањето на Албанците во институциите на системот, дали со буџетот за имплементирање на Охридскиот рамковен договор, или пак програмата К5 во која нема ниту еден денар за нови вработувања на Албанците во институциите на системот. Доколку тие мислат и на овие малку средства што се останати во оваа програма, тогаш треба да знаат дека тоа се средства кои се наменети за плати на вработените Албанци, уште од почетокот на 2008 година. Значи констатацијата е дека ДУИ не може да реализира ниту едно вработување за 2008 година.

Вознемирувачки е исто така фактот дека со оваа реалокација се намалуваат средства од многу значајни бројки кои ги почна ДПА. Без сомнение, мене лично ме боли овој факт затоа што ние како партија и јас лично сум учествувал во изготвувањето на овие проекти. Сега за жал гледам како тие проекти исчезнуваат. Ќе кажам само неколку примери.

25 милиони денари се одземаат од Буџетот на Државниот универзитет во Тетово. Се знае дека оваа институција, со иницијатива на ДПА сега веќе е проширен, има повеќе факултети. Без сомнение дека ние тоа сме го имале во предвид кога го изготвувавме Буџетот за 2008 година и се поделија дополнителни средства за функционирање на оваа институција. Сега од оваа институција се одземаат 25 милиони денари. Десетици милиони денари се одземаат од буџетот на Министерство за образование и наука, средства наменети за градење и обнова на училиштата во Република Македонија.

Исто така дека ДПА во оваа институција има реализирано односно има отпочнато многу проекти за чие завршување се потребни дополнителни средства. Тоа не го прави ДУИ, туку напротив намалува уште средства од овие многу значајни програми.

20 милиони денари почитувани пратеници, се одземаат од проектот Тетовско кале, исто така проект на ДПА и проект кој е многу значаен за граѓаните Албанци и тоа не само за Тетотово. 11 милиони денари се одземаат од проектот Библиотека во Тетово. Граѓаните многу добро

знаата како ДУИ во времето кога беше опозиција силно се спротивставуваше на овој проект без ниту едно оправдување, кога добро се знае дека Тетово е град со два универзитети, таму гравитираат десетици илјади студенти и ученици од средните училишта и ние како партија проценивме дека има потреба, градот Тетово има потреба да има институција или установа како што Универзитетската библиотека во Тетово. ДУИ со оваа прераспределба дефинитивно го закопува и овој многу значаен проект за Албанците.

Исто така се одземаат 15 милиони денари од Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Тоа значи е вториот дел од намалувањето на буџетот на Секретаријатот. Како што истакнав и порано тоа почна пред неколку месеци кога се одземаа 8 милиони денари.

Исто така, се намалуваат дополнителни 200 милиони денари од Министерството за економија. Голем износ на средства се намалуваат од буџетот предвиден за слободни економски зони. Јавноста добро знае за проектот на ДПА за слободната економска зона во Тетово.

За да биде апсурдот уште поголем, министерот на ДУИ кој наводно го покрива ресорот економија, господинот Фатмир Бесими, за стоте дена на “функционирање” на оваа партија на власт ќе изјави следното: - значајно е дека Владата реализира капитален проект најавен од ДУИ, значи градење на слободна економска зона во Тетово. Сме завршиле со првата фаза од проектот, градењето на инфраструктурата, патот, водоводот и гасификацијата.

Почитувани, доколку не беше трагично ќе беше смешно. Сите ние секој ден поминуваме по тој пат кој е блиску до слободната економска зона и воопшто не гледаме никаква промена во таа зона која ДПА ја имаше предвидено како слободна економска зона, проект кој почна да се реализира во времето на ДПА. Овој господин ни покажува дека таму наводно се изградил пат, водовод, дури и гасификација во Тетово. Факт е дека оваа партија за сите овие месеци од функционирање на оваа власт, не успеа да го продолжи проектот на ДПА за слободна економска зона, таму каде што застана процесот на експропријација на приватните поседи кои се наоѓаат на определената парцела за слободна економска зона. За жал од ДУИ цело време се настојува да се создаде една погрешна реалност пред јавноста. Нема поголема деформација за еден политички субјект отколку што е продавањето на ум за власта без власт, би рекол еден аналитичар. Тоа го знаат граѓаните Албанци, го чувствуваат секој ден дека нивната застапеност во власта е катастрофална. Нивниот гнев од ден на ден се зголемува, бидејќи нивните интереси се продаваат катадневно од овие така наречени претставници Албанци во власта. Најсвеж пример е Националниот совет за култура, 13 члена Македонци, ниту еден член Албанец. За жал, се знае дека Министерството за култура е доста значајна институција и во овој совет да нема ниту еден Албанец кој би се грижел за пропорционалната распределба на буџетот, како за издавање, за филмови, за драми, театар и други културолошки активности, пред се албански.

Исто така е свеж пример и отстранувањето на 50 вработени Албанци од Министерството за култура. Тоа се случило денес. За жал, јас ја имам таа прилика да се сретнам со група претставници на овие вработени кои се отстранети од Министерството за култура. Свеж пример е исто така и настојувањето за затворање на Институтот за културно и духовно наследство за Албанците во Македонија. Јас воопшто не се чудам со овие дејствија на оваа партија затоа што го познавам начинот на работа на истите кој начин е уништување на се што е албанско, уништување на малкуте албански установи кои функционираат во Македонија, додека пак за основање на нови установи не може ниту да се говори. Ова е фактичка реалност на застапување на Албанците во извршната власт. За жал, ова е факт и граѓаните Албанци го чувствуваат секој ден на нивниот грб.

Без сомнение ДПА ќе гласа против овој ребаланс затоа што цени дека тешко ги оштетува албанските интереси. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Вистина е дека политичкиот плурализам бара постапка позиција - опозиција и во оваа насока го почитувам критичниот став на ДПА за Предлог одлуката за прераспределба на финансиски средства. Но сакам да го нагласам фактот дека координаторот на парламентарната група, секогаш кога треба да даде аргументи треба да ги има, како што беше случајот кога имавме координација каде беа координаторите на парламентарните групи со претседателот на Парламентот каде сите заедно се договоривме и кога имаше консензус меѓу ДИУ и ДПА во однос на плус - минус 3% на разликата од изборна единица и во средствата за информирање се вели дека ДУИ го нема поддржано тоа. Тоа не е вистина што може да ја докажат другите членови кои учествуваа на таа координација.

Второ, во однос на правичната застапеност на Албанците во јавните и државни институции во однос на работата и активноста на овој Секретаријат, јас пред мене ги имам документите кои излегоа од државните институции, кои докажуваат дека во двогодишниот мандат на учеството во Владата на ДПА, застапеноста на Албанците во државната и јавна администрација во 2006 година беше 16,5%, во 2007 година 17,4%, а во 2008 година 16,5%. Во оваа насока документите говорат, од официјалните институции на Република Македонија, дека вашиот секретаријат кој беше задолжен за правична и соодветна застапеност на Албанците, не даваат документи кои аргументираат дека сте

биле успешни. Независно од тоа што говориме ние, значајно е дек крајниот резултат треба да биде со аргументи за вашиот успех.

Во однос на распределба на финансиските средства со Предлог одлуката на Владата, исто така сакам да нагласам дека оваа прераспределба доаѓа од неуспехот на министрите на ДПА во менаџирањето и управувањето со нивните финансиски ресурси. Доколку тие на време ги реализираат овие средства, се знае дека има рок од 8 или 9 месеци да менаџираат со финансиските средства од буџетот кој го донесуваат истите и како резултат на неспособноста да се менаџира со финансиски средства, доаѓа до ребалансот на буџетот. Јас исто така имам документи кои докажуваат дека со оваа прераспределба на финансиски средства, ние успеавме да имаме доделено над 100 милиони за општините, 100 милиони денари кои се за водовод и канализација.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Имер Алиу.

**Имер Алиу:** Единствено образложение што го слушаме во текот на овие два дена беше 90 милиони денари доделени за албанските општини. Сега станаа 100 милиони. Земете ја целосната сума на средства доделени за општините и тоа поделете го со процентот на Аллбанците во Македонија, ќе видите каков резултат ќе добиете.

Што се однесува на бројките што ги спомна господинот Хани, да кажам, кога говорите за бројки треба да бидете многу прецизен затоа што тоа се аргументи и вие настојувате да ја лажете јавноста. Излезете и аргументирајте како дојдовте до бројот 16,5% за застапеност на Албанците во институциите. Доколку Абдулаким Адеми ги собрал податоците од застапеноста на Албанците, јас искрено се сомневам затоа што тоа не го има направено, или барем го направил парцијално. Кога ќе ги собере сите податоци, ќе видите колкава е застапеноста на Албанците во институциите на системот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:** Благодарам претседателе.

Најнапред сакам да нагласам дека господинот нема потребно познавање и ние денес расправаме за прераспределба на финансиски средства кои не стигнале да се потрошат до крајот на оваа буџетска година, а тој говори за ребаланс.

Јас сакам да нагласам дека во едно заедничко учество во неколку институции, во претходната 2007-2008 година кога говореше за Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, во Комитетот за подготовка за НАТО. Во 2007 година при подготовката на буџетот господинот знае колку пари се земени од Секретаријатот. Требаше да признае и господинот дека овој буџет за 2008 година е изготвен во 2007 година односно е изгласан во декември 2007 година. Господинот требаше да ни каже дека ребалансот за кој говореше пред три месеци, во јули оваа година, беше ребаланс кој го изготви претходната Влада во кој истиот тој учествуваше.

Денес не ме убеди дека работите биле идеални и се поставува прашањето зошто не сакаше да учествува во таа Влада. Одговорот го знае тој самиот и самиот им го рече на граѓаните.

Рече една вистина дека со ребалансот кој истиот тој го подготви од Секретаријатот се одзедоа 88 милиони, од друга страна се повикува за прераспределба на средства од Секретаријатот за Охридскиот договор за 15 милиони денари. Граѓаните колку и да се сметаат и ги смета тој дека не ги знаат овие нешта, математиката е едноставна, 88 милиони со 15 милиони имаат голема разлика.

Сакам да прашам добро е министерот за финансии е присутен конкурсите кои се отворени со цел за имплементација на Охридскиот рамковен договор имаат финансиска поддршка и имаат дозвола од министерот за финансии за реализација на овие огласи во однос на приемот на 5 албанци во државната и јавната администрација и во другите институции. Министерот е присутен и ќе го потврди ова што го велам јас.

Се поставија неколку прашања, тие прашања треба да се постават како пратенички прашања и во однос на процентот за износот за општините, документите се овде, па ако сака господинот може да ги види и спореди.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавен господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам.

Јавноста, а посебно ние тука во салата убаво знаеме до кога функционирала ДПА на власт и од кога почна да функционира новата коалиција или новото парламентарно мнозинство, ДУИ - ВМРО ДПМНЕ.

Кога спомнав 88 милиони денари тоа беше првиот пат кога ги намаливте сега се плус 15 милиони денари, тоа се 103 милиони.

Што се однесува до конкурсите јас навистина би сакал да слушнам како ќе се реализираат овие конкурси во текот на 2008 година.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Вулнет Амети, повелете.

**Вулнет Амети:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Мојот колега кој ми е од десната страна верувам дека не ги знае работите, овој знае дека Државен универзитет Тетово како влегуваат истите собирајќи ги сите банди во општина Тетово и околу ја нападнаа најсветата институција на албанскиот етникум во Република Македонија. Потоа ја нападнаа најсветата духовна институција Исламската верска заедница со вооружени лица, со пиштоли и калашникови. Јас бев сведок кога ги видов на вратата кога влегоа. Вие господине не ги знаете нештата, бидејќи не сте биле присутни.

Воопшто немате пристап како се работеше во Државен универзитет Тетово . Тоа е голем срам од ваша страна во Државен универзитет Тетово и да расправаш за Државен универзитет Тетово е срам од ваша страна и вашите колеги како опозиција. Избркувајќи професори, доктори на науки, наши почитувани професори на возраст од 65 години и навредувајќи ги истите, изнесувајќи ги на клоци, некои со пцости бркајќи ги од овој Универзитет. Вие денеска имате право да говорите за овој Универзитет.

Во однос на инвестициите во Државен универзитет Тетово работите течат многу добро. Вие знаете кога влеговте насилно на пет месеци ја прекинавте работата на изградбата на објектот на Економскиот и Правниот факултет. Знаете зошто ги прекинавте тие работи? Ги прекинавте оти баравте мито од тој што го градеше тој универзитет. За една година ги прекинавте работите додека се договите и се договоривте за голем износ на пари кои ги зедовте вие и вашите сопартијци. Човекот ги продолжи работите како што ги продолжи.

Платите во Државен универзитет Тетово некои осум месеци, некои две години ги немаат добиено. Дали го знаете вие ова? Сакаш со име и презиме да ги спомнам лицата? Вие знаете дека партиски ги плаќавте лицата на овој Универзиет и мене лично ме оштетивте. Ако некој од професорите доктори добиле по 50 или по 8 илјади денари, а вашите професори како што се знае некои со купени дипломи, како што ви е министерот за култура, имаме податоци како ја добил дипломата, ја купил од Универзитетот во Бугарија која чини околу 20 илјади долари, и вие имате право да говорите за Државен универзитет Тетово. Што направивте на буџетот на Државен универзитет Тетово? Го оптоваривте, го обременивте со ваши партиски војници, го оптоваривте со обезбедувања, нови асистенти по 50 години.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Јавноста убаво знае каква била ситуацијата во Државен универзитет Тетово во времето кога на власт беше ДУИ. Мислам дека и граѓаните тоа убаво го знаат, тука нема потреба од објаснување.

Интервенцијата на Владата беше токму за отстранување на бандите од Државен универзитет Тетово и од ИВЗ.

Што се однесува до корупцијата и митото што го спомнавте вие, рекетирањето, бандитизмот, дали навистина сакате да ги отвориме овие теми. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе,

Сакам накратко да говорам, бидејќи координаторот на ДПА нагласи дека овие статистички податоци се лажни од Абдилаќим Адеми, овде е присутен министерот за финансии господинот Трајко Славески тој треба да докаже дека овие податоци се точни или не се точни. Со статистичките податоци од 2006 - 2007 година - 2008 година, а податоците се точни, министерот е од времето кога вие бевте коалиционен партнер. Овие податоци се лажни, тогаш нека се произнесе министерот за финансии да го докаже вашиот аргумент или спротивното на тоа што вие го нагласивте. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Имер Алиу повелете.

**Имер Алиу:** Ви благодарам.

Мислам дека бев јасен кога говорев за процентите на албанците во институциите на системот. Цело време го повикувате министерот за финансии, но тој никако да се јави за збор и да го потврди тоа што вие го рековте.Самиот факт бидејќи тоа што го велите вие не е вистина. Податоците за правична и соодветна застапеност на Албанците во институциите на системот се собрани во септември 2006 година. Тие се последните податоци и тој процент е валиден.

Владата, кога ДПА беше дел од таа Влада, лично јас во последниот месец кога ја извршував таа функција настојував да приберам податоци за правична и соодветна застапеност на Албанците во институциите на системот, но не успеав, бидејќи јавноста знае што се случи потоа. Додека информациите кои ги поседувам јас настојувањето на актуелниот заменик премиер за имплементација на Охридскиот договор за прибирање податоци исто така е неуспешен. Овие се точни информации, јас знам како функционира оваа методологија на прибирање на податоци. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе,

Господине Имер Алиу јас зборувам со аргументи и документи. Ве молам, вие сте биле задолжен во Секретаријатот за имплементација на Охридскиот договор и доколку вие не поседувате документи, тогаш ве сожалувам, излезете со аргументи и да го имаме предвид тоа прашање. Јас ги поседувам овие документи пред мене, нека повели некој нека ги оспори овие документи. Ако овие се спорат, јас тогаш немам право. Ако имате други аргументи повелете изнесете ги пред јавноста.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има 76 пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вккупно гласаа 78 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа 57 пратеници, воздржани нема, против 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на Централната власт и меѓу фондовите.

**Минуваме на точката 6. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за берза на земјоделски прехранбени производи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се пријавени министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Горан Сугаревски, господинот Панче Дамески, господоинот Живко Пејковски, господинот Никола Ќуркчиев, господинот Феми Јунузи, господинот Сафет Незири.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници,

Со цел откупот на земјоделските производи да биде што поорганизиран, како и да се олесни основањето на берзата за откуп и преработка на земјоделски производи како и нивно соодветно складирање што ќе овозможи надминување на нарушувањата кои се јавуваат на пазарот на земјоделските производи, како и создавање на конкурентски услови на пазарот и се спроведе обврска и по Законот за прекршоци за усогласување на казнените одредби. Тоа беше основата и причините од кои се предлага да се донесе овој закон. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за земјоделство,

Ние, како членови на Комисијата за земјоделие, изминатата недела имавме седница на која една од точките на дневен ред беше и оваа значи, Предлог на закон за берзи на земјоделски производи, меѓутоа, за жал морам да потенцирам дека тогаш од заменикот министер за земјоделие не добивме поконкретни објаснувања околу овој закон, па се понадевав и сеуште се надевам дека ќе добиеме една поширока елаборација околу носењето на овој закон.

На таа Комисија добивме само штури податоци кои не ги гледам дека се во законот.

Идејата за донесување на ваков закон за берзи на земјоделски производи е неоспорна односно потребата од донесување на ваков закон е неоспорна.

Ние од СДСМ имаме сериозни забелешки на некои одредби кои внесуваат забуни во делот на овој откуп.

На почеток би сакал да прашам зошто итност и брзање во носењето на овој закон. Како што гледам ни се укажува дека вообичаено не е сложен и обемен закон, но ние сметаме дека е сериозен закон во откупот на земјоделски проводи.

Сакам да поставам неколку прашања кои, за жал, непочувствував дека ми се одговорени на Комисијата за земјоделие.

Прво, во делот дали овие измени се однесуваат на сите производи или се однесуваат само на по некои производи.

Понатаму, дали државата ќе интервенира при откупот или само ќе посредува и кои се директивите кои се дадени од Европското законодавство.

Никаде не е спомнато дали ќе има ограничување на берзите и кои берзи би ги имале. На Комисијата од страна на заменик министерот за земјоделие беше потенцирано дека би се формирале 10 берзи, а јас не видов, можеби скокнав, во законот дека тоа некаде го пишува.

Во членот 6-б, дека субјектот треба да има најмалку 4 лица со земјоделски науки без притоа да се потребни други лица. Многу би сакал да слушнам на кој начин односно како дојдовте до потребата дека бројката од 4 би сакал одредено појаснување.

Исто така сметам рокот од една година определен со овој закон за усогласување на работата на јавните претпријатија за берзански работи и агроберзата е предолг.

На крајот би сакал уште едно прашање да поставам, тоа е околу финансиските средства велите дека не се потребни од Буџетот на Република Македонија, па ме интересира што ако на Владата или на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, конкретно на Владата и текне по извесно време да се основа берза дали повторно ќе дојде до измени и дополнувања на овој закон и тогаш на тој начин, бидејќи како што читам во членот 1 берза може да оснива Република Македонија, претпоставувам тука е Владата, единиците на локалната самоуправа, градот Скопје и други правни и физички лица, дали овие измени на законот кои евентуално би дошле доколку на Владата и текне да формира таква берза, ќе вршиме измени само заради издвојување на тие финансиски средства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодрам и јас.

Има збор господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе,

Почитуван министер, дами и господа пратеници,

Пред нас е Предлогот за измена и дополнување на Законот за берзи на земјоделско прехранбени производи, закон што е еден од ретките во Република Македонија кој до сега не претрпел измени од неговото донесување во 1992 година.

Овој закон, иако е краток, е битен за регулирање на понудата и побарувачката на земјоделско прехранбените производи.

Пред да се осврнам на предложените измени овде би сакал да нагласам дека процесот на развивање на пазарните односи во Република Македонија има најнизок степен на развиток во областа на земјоделието и тоа пред се примарно на пазарот на земјоделските производи.

Земјоделското производство во Република Македонија сеуште е неконкурентно, за жал, на странските пазари меѓу другото и поради сеуште целосно нерегулираните пазарни односи.

Затоа, многу важна фаза во комплетирањето на пазарниот пристап кон македонското земјоделие претставува основањето и функционирањето на берзи на земјоделски производи.

Со основањето на овие берзи ќе се изгради значајна инфраструктурна помош за развој на земјоделското производство, а посебно за стабилизација и поголема ефикасност на пазарот на земјоделски производи.

Предложените измени, по мое мислење, се доста квалитетни и уверен сум дека ќе придонесат за подобра и поефикасна работа на македонските земјоделски берзи пред се во поефикасно вршење на трговските трансакции со земјоделските производи, уредување и подобрување на системот на стандардизација на земјоделските производи, за жал, проблем кој е еден од поголемите пречки за нашите земјоделски производи да бидат конкурентни на странските пазари пред се на пазарот на Европската унија.

Со поуспешна работа на македонските берзи да се обезбедат подобро давање на инфорамции на пазарот и состојбата на понудата и побарувачката.

Земјоделците ќе добиваат анализи за движењето на цените на берзите во одредени периоди се со цел шпекулациите на цените, сведоци сме дека сеуште се присути во Македонија ќе бидат сведени на минимум.

Се цел шпекулациите со цените кои сведоци сме дека се уште сме присутни во Република Македонија ќе бидат сведени на минимум. Со предложените измени исто така ќе се обезбедат и подобри услови за пласман на сите земјоделски производи преку обезбедување на соодветни складишта, магацини и ладилници. Со ова ќе се обезбеди можност одредени производи соодветво да се скалдираат и да се понудат на пазарот кога за нив ќе има многу поповолна цена.

Со ова намногу ќе профитираат примарните производители бидејќи за иста работа, за истиот производ ќе добиваат многу повеќе.

Вреди за и споменување и предложената измена за вработување на најмалку 4 лица со висока сртучна спрема од областа на земјоделските науки. Иако и колегатаСигервски зборуваше за ова, и на Комисијата за земјоделие беше оспорувано ова решение, мислам дека со вработувањето на 4 лица со восока стручна спрема од земјоделски науки ќе се добие сигурен квалитет во работата на секоја берза.

Доколку сакаме новите берзи кои ќе бидат формирани да функционираат успешно и ефикасно по сите пропишани стандарди мое мислење е дека 4 лица со висока стручна спрема од областан земјоделски науки ќе бидат малку.

Добро е тоа што со овие измени е одредено кој ќе го врши инспекцискио надзор врз работата на берзата, а останатите измени во предложениот закон воглавно претставуваат усогласувасње со постоечките законски прописи.

Се на се овие измени и дополнувања на законот за земјоделско прехранбени производи очекувам подобрување на квалитетот на земјоделските производи, нивна стандардизација пред се и подобар пласман, зголемена конкуренција и најбитно од се подобри откупни цени.

Со спроведување на сите овие законски мерки очекувам да добиеме зголемена и подобра конкурентност на македонските производи на странските пазари, бидејќи зајакнувањето на конкуретноста на македнскиот агро бизнис е од суштинско значење за негово опстојување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски**: Почитуван господине Дамески, значи воопшто не спорев едноставно го прашав министерот бидејќи на Комисијата за земјоделство добив конкретен одговор што би правеле тие четворица со земјоделски науки без притоа да имаат и други лица, како се дојде до бројката до 4 лица. Тоа беше, инаку воопшто нема спорење. Да добиеме објаснување од министерот зошто се тие 4 лица со земјоделски науки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господнот Панче Дамесски, повелете.

**Панче Дамески:** По однос на ова на начин како што објаснив.

За да можат берзите да функционираат онака како што е пропишано со Законоо да можат, да фуинкционираат согласно со законот мое мислење е дека и 4 лица ќе бидат малку за функционирање на берзите. Така да во старт доколку бараме ново основаните берзи да ги задоволат сите потреби ќе мора најмалку 4 вработени, а уверен сум дека со тек на време времето ќе покаже дека сите ново основани берзи ќе имаат и повеќе вработени од овој сектор.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски**: Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Самата подршка на овој предлог закон од страна на Комисијата за земјоделство зборува дека се работи за добар закон. Законот е од јавен интрес, овозможува и Владата на Република Македонија, како и единиците на локалната самоуправа можат да основаат берза за разлика од постоечкиот закон кога правото на основање го имаа само правни и физички лица.

Има неколку предности кои што се надевам дека ќе овозможат подобар живот за македонскиот земјоделец, подобар пласман на неговите земјоделски производи.

Со отворањето на поголем број на берзи се зголемува конкурецијата во откупот на земјоделските производи и се зголемуваат активностите на релевантните фактори кои се занимаваат со оваа проблематика.

Второ, членот 1 од Предлогот на законот предвидува основање на берза за сите земјоделски производи и или основање на берза за поедини земјоделски прехранбени производи, така да берзата за јаболка може да биде во Ресен, берзата за ориз во Кочани, или во некои други и помали места каде одредени ззземјоделско прехранбени производи се традиција.

Трето, членот 2 наложува основачот на берза да располага со објекти, складови, магацини, ладилници кои ќе ја одржат свежинита и квалитетот на земјоделските производи.

Покрај тоа значително ќе бидат подобрени хигиенските услови на откуп, чување , складиарање и одржување.

Со членот 12 прелдагачот и дава шанса од една година на веќе постоечката агро берза да се консолидира, да се реорганизира и к онечно нешто да почне да работи.

Се надевам дека вработените во ваа институција ќе ја сфатат препораката од предлагачот, ќе го фатат приклучокот кон модернот стопанисување. Доколку не ја сфатат сериозноста ќе ги потисне конкуренцијата и ќе им се наруши комоцијата која во изминатите долгогодишен период беше екслузивитет за нив.

Зо овој предлог на закон се дефинира и начинот и постапката за доделување на дозволи за вршење на дејност од јавен интерес.

Мој совет е сите што имаат намера да основаат берза своите објекти, складови, магацини и ладилници да ги градат уште во почетокот во согласност до прописите и стандардите што ги предвидуваат Законот за безбедност на храната и Хасап системот што од 1.01. 2009 година и за нив ќе биде законска обврска. Со една реченица, нема потреба да се изложуваат на дополнителни и дупли трошоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Независно што јас денеска се јавувам во двојна улога и како известител на Комисијата на земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го искористам моето право на дискусија и би сакал да повторам дел од дискусијата која што ја спомнав и на Комисијата.

Доколку навистина почитувани колеги вистинската причина за носење на овие измени на овој закон е откупот на земјоделските производи во иднина во Република Македонија да биде поолеснет и поорганизиран и јас како пратеник и нашата пратеничка група на СДСМ даваме апсолутна подршка на таквата намера. Тоа значи дека не ја спориме, туку напротив ја подржуваме оваа идеја, иако морам да нагласам дека воопшто не можам да ја разберам итноста за носење на еден ваков закон, како што инсистира предлагачот, меѓутоа и не се согласувам да навистина се направи сето тоа набрзина без претходно да се отвори една сериозна расправа во Република Македонија во која Што ќе учествуваме не само ние пратениците, туку ќе бидат вклучени и земјоделците преку нивните здруженија, асоцијации, федерации и да чуеме што мислат откупувачите на земјоделските производи, трговците и, се разбира не можеа да ја рипнеме и не можеме да заборавиме да ги поканиме активно да учествуваат и стручната јавност односно теоретичарите.

Едноставно ценам дека со вклучност на сите заинтересирани и релевантни субјекти прво ќе понудевте почитуван министер поквалитетен предлог од овој што го имаме сега.

Второ, денеска ќе водевме малку можеби подобра и посериозна расправа од оваа што ја имаме сега.

На седница на Комисија заменик министерот кажа дека при подготовка на овој предлог биле користени искуствата најмногу од Холандија, каде што имало повеќе берзи на земјоделски производи.

Од тоа како тој се обиде да ја објасни целата работа и да го оправда овој предлог за кратко време сите ние треба да очекуваме во Република Македонија да доаѓат Холанѓани и да учат од нашиот пример. За мене, нормално тоа е неверојатно, некомпатабилно со нашите состојби, потреби и можности, да неречам апсурдно.

Тоа што овој закон се ноди вака набрзина според мене само ќе ги измеша работите во оваа дејност.

И да не должам многу, да кажам дека Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанстово без разлика колку му се брза генерално најпрво мора да ги расчисти работите и обврските веќе преземени според Законот за земјоделство и рурален развој, значи прво и основно е да се донесат сите подзаконски акти чиј што рок изминува за некој ден односно во

ноември, па потоа да се пристапи кон предлагање на вакви итни решенија за така важни прашања, како што е откуп и пласман на земјоделските производи.

Почитувани колеги пратеници во тој контекст ако се анализира текстот на Предлогот на законот наспроти декларираните цели предлагачот апсолутно не смеел да го суспендира членот 6 од Законот за земјоделие и рурален развој каде Владата, цитирам “донесува акти за спроведување на политиките за утврдување на пазарите на земајоделските примарни и преработени производи”.

Понатаму, членот 7 од истиот закон зборува за актите кои Владата на ваш предлог почитуван министер треба да ги донесе најдоцна до ноември 2008 година. Значи, наместо да работиме на еден ваков избрзан предлог можеби многу подобро е да сработиме она што ни е обврска според Законот, инаку нема друг термин освен да кажеме дека законот се крши.

Почитуван министер откупот на грозјето можеби заврши, но на есенските производи допрва доаѓа. И за нив и ќе ги лажеме земјоделците како и откупувачите на грозје, како што манипулиравме со откупувачите на грозје со бенифицирани каматни стапки за откуп. Мислам дека малку повеќе во овој дел ја претеравме работата заради тоа што не постои винарска визба или откупувач на грозје во Република Македонија кој има добиено повластена, бенифицирана камата за откуп на грозје, а се спрема зимската зелка и другите земјоделски производи особено во јужниот регион.

На Комисијата за земјоделско прашав дали е донесен прописот за интервенциски мерки. Заменик министерот рече не и тоа без око да му трепне.

На моето прашање дали тоа значи дека земјоделците повторно се оставени сами на себе да се снаоѓаат кога е најтешко, кога имаме нарушена рамнотежа на пазарот на земјоделски производи не добив одговор. Значи ли тоа почитуван министер дека и оваа година можат земјоделците да очекуваат само добри приказни дека Владата или Министерството ќе интервенира, а земјоделците и понатаму ќе ги гледаме по македонските патишта и улици. Вчера една голема група на земјоделци од федерацијата имаа средба со мене и многу зборови паднаа, меѓутоа се надевам во една друга прилика ќе имаме можност заеднички да се сретнеме со тие луѓе.

Во законот од една страна се зборува за начело на слобода на пазарот почитувани колеги, меѓутоа, од друга страна токму во членот 6-в, се зборува дека тоа може да се прави со дозв ола од Владата на Република Македонија. Па, како е можно некој да декларира слобода на пазарот, а во исто време да вели дека тој ќе ја дава дозволата дека тој ќе ги предвидува поблиските услови во поглед на вработувањата, просториите опремата итн.

Очекувано никаде во законот не стои за колку време и во кој рок треба да биде тоа завршено. Апсолутно не се споменува дали ќе се бара од откупувачите, од основачите на берзи документ за примена на ГАП, бидејќи со директивите и прописите 1874 и 1875, тука сте господин министер, ќе се јавите како реплика и јас ќе ви цитирам дел од нив, бидејќи директивите и прописите оваа работа според нашите важечки прописи припаѓа на платежната агенција, а тоа значи дека уште еднаш дополнително може да се случи конфузија односно да се случи да се измешаат работите во оваа сериозна и сензибилна дејност.

Следна отворена дилема која што го нуди предлогот како решение, ако јавното претпријатие за берзански работи за земјоделско прехранбените производи врши дејност од јавен интерес значи ли тоа дека одговорноста во случај на било какви проблеми ја сноси само оснивачот. Дали како што изјави и заменик министерот на седница на Комисија нема никаква потреба од буџетски и финансиски средства за спроведување на овој закон, иако вие почитуван министер не спомнавте дека амандманот кој што сакаше Комисијата да го предложи беше прифатен од страна на предлагачот и тој требаше да биде составен дел на законот.

Значи според сето ова што го зборувам Владата апсолутно нема ма мера да основа берза во иднина во Република Македонија .

Почитуван претседател јас како известител барам само 30-ина секунди да ја завршам реченицата.

Во интерес на расправата би сакал да го прашам министерот за замјоделие дали е донесен прописот од член 75 за пазарен информационен систем бидејки и тоа се спомна на Комисијата и уште еднаш да повторам почитуван министер дека идеата за носење на еден ваков закон е неспорна и треба да се подржи опд Парламентот, меѓутоа еден ваков закон влева кај мене реален сомнеж дека лошите состојби во откупната политика во аграрот во Република Македонија може многу лесно да се влоши. Сепак факт е дека мнозинството е тука, тоа ќе одлучи дали ќе бида донесен овој закон денес, меѓутоа ја презема и одговорноста со тоа. Мое беше да укажам на пропустите кои се видливи и се разбира како пратеник од опозицијата со најдобра намера укажувам на овие пропусти или грешки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Феми Јонузи, повелете.

**Феми Јонузи:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници, почитуван претставник на Владата,

Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски прехранбени производи со Предлог закон можеби не е совршен, но велам дека е чекор напред кон изнаоѓање решенија на проблемот во однос на откупот на земјоделски прехранбени производи.

Од самиот факт дека овој закон од 1992 година не претрпел измени јасно се гледа дека се проширува дејноста на берзата на земјоделски производи во делот на обезбедување на просторни услови за откуп и складирање на земјоделско прехранбени производи во вид на магацини, ладилници и сл.

Политиката за откуп на земјоделски производи на пазарите во земјата и надвор се спремни и трговците и производителите да градат ладилници со цел да се чуваат земјоделските производи. На овој начин се обезбедува трговија во завршувањето на сезоната на производство носејќи на пазар во секое време свежи домашни производи. Оваа фаза ќе донесе и стабилност на цената со што ќе се намали увозот и барањето на потрошувачите за домашни земјоделски проиводи.

Со предложените измени, членот 1 ставот 1, јасно се гледа дека берза може да основа Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, градот Скопје како и правни и физички лица, со што се зголемува конкурентноста и секој субјект се се натпреварува за поквалитетни земјоделски производи, а ќе ги потикне и земјоделците и производителите за поквалитетни производи.

Порастот на квалитетот и исполнувањето на стандардите на земјоделските производи што ги бараат купувачите во Европската унија, подобрувањето на амалажирањето на произовидите и нивното одржување во оптимални услови при транспортот при договорениот транспорт се од животно значење за домашниот и надворешниот пазар.

Заради овие измени јас ќе ги подржам овие измени и ќе гласам за предложените измени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господиниот Незири Сафет не е тука, го губи правото за збор по претресот.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи.

Пред да го ставам заклучокот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има присутни 50 пратеници.

Молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Слубите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има 62 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за предложениот заклучокот гласаа сите 62 пратеници, воздржн нема, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува редлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандман на член 2 на воведната реченица, со која се согласил повереникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 6, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова поднесоа амандман на член 3 на новиот член 6-в став 2, за бришење на член 5 и за член 6, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на новиот член 6-В став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор за амандманот се пријави и има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со стариот Закон или со старото законско решение берза можеше да основа Република Македонија и единиците на локалната самоуправа, како и градот Скопје, како јавни претпријатија. Со новите измени на Законот, сега берзи можат да се основаат и како друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво.

Понатаму, во членот 6-а на кој што имаме амандман заедно со колешката Станка Анастасова, дозвола за основање на акционерско друштво и друштво со ограничена одговорност, со

измените е дадено овластување оваа дозвола да ја дава Владата на Република Македонија.

Бидејќи овој амандман и тој што следува по овој амандман се однесуваат на ист член, јас би ја искористила можноста да кажам, за да не се јавувам за дебата по вториот амандман, сакам да кажам дека со овие два амандмани ние бараме за акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност, што се формираат како берзи дозвола да дава и советот на единиците на локалните самоуправи наместо Владата, а на мислење на Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство. Сметаме дека на ваков начин практично ќе овозможиме поголемо учество на единиците на локалната самоуправа и во оваа сфера, затоа што акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност што се формираат на територија на една единица на локалната самоуправа, секако дека за условите и за потребите за нивно формирање, најдобро знае и секако тука треба да им се даде право на советите на единиците на локалната самоуправа да даваат согласност за нивно формирање.

Сметаме дека Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство не треба да биде исфрлено од овој процес и затоа предлагаме наместо предлог, тоа да дава мислење за оправданоста за формирање на акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност на ниво на единица на локалната самоуправа со тоа што останува Владата да дава дозвола за вакви друштва што ќе работат на целата територија на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има 60 пратеници.

Молам пратениците да влезат во салата за да можеме полноважно да гласаме.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во салата имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 6 пратеника, воздржни нема, против 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 на новиот член 6-в став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на новиот член 6-В став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Јас го образложив овој амандман во расправата по приот амандман, меѓутоа сакам да кажам дека навистина ми е жал што министерот не ги прифаќа овие амандмани, затоа што со овие решенија што се вградени во текстот на законот, значи повторно монопол од стрна на Владата и Министерството, дури и во сферата, онаму каде не треба. Тоа е во сферата на берзите, таму каде што треба да има либерализација и особено берзите организирани во форма на акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност.

Јас мислам дека ова е недопустливо и мислам дека требаше да се прифатат овие амандмани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 6 пратеника, воздржни нема, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 на новиот член 6-в став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со решението што е предложено од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство се бара бришење на Берзанската аргбитража, како организација во која што на сите берзи, за решавање на споровите што ќе произлезат од правниот промет помеѓу нив.

Не знам од кои причини Министерството се раководело при предлагањето на вакво решение. Ние сакаме со поднесениот амандман повторно да ја вратиме Берзанската арбитража во Законот како форма и начин на решавање на берзанските спорови, берзнските учесници во берзите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржни нема, против 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Бидејќи овој амандман е во врска со првите два амандмани што не беа прифатени, изгласани од парламентарното мнозинство, јас го повлекувам, затоа што нема смисла сам да остане.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласале 61 пратеник, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехрамбени производи.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за економски прашања, и Дописот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на законот за дополнување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, сите 62 пратеника гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 пратеник гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменвување, пренесување и пресадување делови од**

**човековото тело заради лекување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени,односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесува на законот.

Ги повикува предлагачот и пратениците кои скаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

За збор се јавија заменик министерот за здравство, госпоѓата Јакупи Зурете, господинот Миле Пачемски и господинот Амети Вулнет.

Тука ја прекинувам седницата, продолжуваме во 17, 10 часот.

(Пауза од 16, 35 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа 17,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави и има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Причината заради која се предлага донесувањето на овој закон е потребата од негово усогласување со Законот за прекршоци во делот на прекршоците и можноста Министерството за здравство да води постапка за порамнување пред поднесување на кривична пријава пред надлежниот суд.

Потребата е една од активностите, со цел во реформите што се спроведуваат во правосудниот систем, кој што еден од главните приоритети содржани во Националната програма за усвојување на европското право. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави и има збор господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој закон е донесев во 1995 година и оттогаш беше потребно да поминат најмалку 10 години да се донесат сите правилници преку Министерството за здравство, за да почне Законот да се ....

**Трајко Вељаноски:** Господине Пачемски, законот се однесува на одредбите за усогласување со прекршочните одредби.

**Миле Пачемски:** Да, претседателе, сакав како мал вовед ...

**Трајко Вељаноски:** Законот не е за правилниците.

**Миле Пачемски:** Еве сакав малку во моето време да дадам еден вовед токму за овие работи.

Законот го сваќам како позитивна насока во поглед од една страна на усогласувањето со Законот за прекршоци, а од друга страна, законот ни дава можност казните да бидат зголемени спрема оние сторители кои не го почитуваат законот. Имено, казните сега се зголемуваат најмалку 100% во однос на досегашните казни кои беа предвидени со постојниот закон.

Имено, општо познато е дека овој закон децидно забранува трговија со човечки органи и во законот се зборува дека донирањето е на доброволна база без некакви надоместоци.

Почитувани пратеници, општо е мислењето дека оваа материја, нелегалната трговија со човечки органи претставува голем...

**Трајко Вељаноски:** Господине Пачемски, законот се однесува на прекршочните одредби. Ве молам зборувајте по текстот на законот.

**Миле Пачемски:** Да, претседателе зборувам токму за тие одредби, сакав да дадам еден мал вовед за да стигнам до нив, меѓутоа, гледам дека и вие сте нервозни ...

**Трајко Вељаноски:** Работиме по текстот на законот. Зборувајте по текстот на законот.

**Миле Пачемски:** Еве, се откажувам од дискусија затоа што гледам дека времето е многу кратко и таков е договорот да имаме малку дискутанти. Благодарам за разбирањето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Амети Вулнет, повелете.

**Вулнет Амети:** Благодарам почитуван претседателе.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човековото тело заради лекување беше потребен на времето и беше голем недостаток за цела држава, а истовремено и недозволива празнина за една држава која со сета сериозност се декларира за современиот свет и развојот на современиот свет. Моралните норми, нормативните норми за претставување пред народот и професионалниот начин за претставување на овој закон, кој создава простор и услови за земање, разменување и пресадување на делови од човековото тело заради лекување. Развојот на науката во медицината постави едни ...

**Трајко Вељаноски:** Господине Амети, ве молам зборувајте за законот за прекршочните одредби, ве молам.

**Вулнет Амети:** Во ред, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Зумрете Јакупи не е тука и го губи правото за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човековото тело заради лекување.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 47 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 57 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создадат услови за гласање)

Во салата има 62 пратеника и може полноважно да гласаме.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човековото тело заради лекување.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Санитарната и Здравствената инспекција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Исто така, и овој предлог за донесување на овој закон е предвиден во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и има за цел да овозможи реализирање на еден од главните приоритети содржани во Европското партнерство, а тоа е целосно спроведување на Стратегијата и Акциониот план за реформа на правосудниот систем и намалување на заостанатите предмети во судовите и со усогласување на законот овозможуваме целосна опeрализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци, кој предвидува за определени прекршоци прекршочната постапка да може да се води и прекршочни санкции да може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Санитарната и Здравствената инспекција.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Истото образложение е и за овој Предлог на закон, со кој се врши усогласување со Законот за прекршоци како дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, а со цел реформа на правосудниот систем и намалување на заостанатите предмети во судството.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. Од нива за предлогот гласаа сите 66 пратеници, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јави заменик министерот за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предмет на уредување на Предлог законот се неколку области и тоа: педофилијата, посередувањето при вршење на проституција, разбојништвото и разбојничките кражби и предизвикувањето шумски пожари.

Врз основа на квалитативната и квантитативната анализа на Министерството за правда битно е дека кривичните дела против половата слобода и половиот морал Глава 19 од Кривичнит закон, се во пораст односно има вкупно 90 сторители на овие кривични дела, особено кривичнто дело полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години во член 188 од Кривичниот законик.

Исто така, се јавува и кривично дело член 194, родоскрнавење и прикажување полнографски материјал на малолетник член 193 од Кривичниот законик.

Целта на донесувањето на законот е намалување на зголемените трендови на порастот на кривичните дела во областа на педофилијата, посредувањето при вршење проституција, разбојништво и разбојнички кражби и предизвикувањето шумски пожари. Тоа меѓу другото ќе се постигне и со казнената политика во пропишувањето на казните така и во нивното изрекување од страна на судовите, за овие кривични дела.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Во изминатите шест месеци се регистрирани повеќе видови на кривични дела против половата слобода и половиот морал. Објект на напад беа деца на возраст до 14 години извршени на суров и брутален начин што во јавноста предизвика бурни реакции.

Потребата од заострување на казнената политика во пропишување на казните за одредени кривични дела е причината за донесување на закон за изменување и дополнување на кривичниот законик. Тоа е долготрајна работа на Клубот на

пратенички во соработка со повеќе невладини организации и поддржана од медиумите.

Предмет на уредување на Предлогот на законот се неколку области и тоа: педофилија, посредување при вршење проституција, разбојништво и разбојнички кражби и предизвикување шумски пожари.

Во однос на педофилијата во Република Македонија има пораст на бројот на случаите. Возраста на извршителите на овој вид кривичник дела се движи од 21 година на најмлад извршител до 78 години на највозрасен извршител. Возраста на жртвите е намалена и најмалата жерва има 7 години. Во три случаи имало повторници за ист вид кривични дела против слободата полова и морал.

Кои се општествените фактори на ризик: Причините на случај на педофилија произлегуваат од социјалната и економската нестабилност, социокултурни норми кои ја нагласуваат родовата нееднаквост, социокултурни норми кои го третираат детето како сопственост.

Ве молам претседателе да ми обезбедите услови за работа. Ако оваа тема не е интересна не знам што друго е поинтересно.

**Трајко Вељаноски:** Колеги пратеници, да се сослушаме.

**Станка Анастасова:** Фактори на ризик на ниво на заедница се: висока толеранција на насилството, родова и социјална неедкавост во заедницата, сиромаштија, високо ниво на невработеност, лесна достапност на алкохол.

Исто така, со измените и дополнувањето на Законот за работни односи во член 128, поточно со можноста за неограничено работење на родителите во ноќна смена, што владеачкото мнозинство односно ВМРО ДПМНЕ и ДУИ неодамна го изгласаа се зголеми ризикот од злоупотреба на децата поради можноста за почесто ноќно отсуство на родителите од домот. Формите на насилство на кои децата се изложени варираат зависно од возраста и стабилниот развој. Помалите деца се повеќе се изложени на запоставување физичка и емоционална злоупотреба додека поголемите деца на физичка и сексуална злоупотреба. Постојат поголеми можности помалите деца да се злоупотребуваи од родителите, старателите, и други членови на семејството, а со растење на децата и воспоставување интеракции вон домот и семејството, веројатноста да бидат злоупотребени е поголема надвор од домот и семејството.

Тежината на психијатриските нарушувања е поголемо кај децата злоупотребувани во семејството, а нивната ресоцијализација е долготрајна. Психатрите велат дека луѓето што силуваат спаѓаат во групада психопати. Според нив силувачите не се доволно созреани личности. Ги оценуваат како луѓе што се плашат од комуникација од возрасни лица и затоа сета своја фрустрација и агресија ја манифестираат врз децата, чувствувајќи некаква моќ.

Кои се последиците:

Здравствените и социјалните последици од сексуланата злоупотреба на децата опфаќаат широк дијафазон што созначуваат како непосредни и далекусежни последици врз децата кои ќе се провлекуваат низ целиот нивни живот односно детските прихијатри предупредуват дека злоупотребата има долгорочни последици врз психичкиот развој на децата.

Порастот на случаи на педофилија и на сексуалното малтретирање не е само резултат на поголемата свест за нивно пријавување туку е и директен производ на инертноста на државните институции. Центрите за социјална работа не треба да се ангажираат само постфестум кога треба да и се помогне на жртвата туку треба да делуваат превентивно и да спречат некој да стане жртва. Постојано треба а се работи со така наречени кризни семејства. Значи, првите превентивни мерки да се преземат во семејствата, а потоа во образовните институции, центрите за социјална работа, граѓанските организации итн.

Предложените измени на кривичниот законик нема да ги дадат очекуваните резултати додека не се преземат други активности и мерки на превентивен план од страна на надлежните органи и институции.

Во овие измени на законот посебен акцент се става на репресијата односно зголемување на казните.

Според анализата што ја има направено Министерството за правда утврдено е дека судовите изрекувале благи казни. Тоа пак негативно се одразува на генералната превенција и затоа е потребно заострување на казнената политика како во пропишувањето на казните така и во нивно изрекување од страна на судовите за сторители на сексуална злоупотреба на малолетни деца со што ќе се придонесе за намалување на бројот на овие кривични дела.

Повеќе организации што се борат за правата на децата, меѓу кои и Првата детска амбасада Меѓаши до сега повеќе пати реагираа со барање до судовите дас ги осудуваат педофилите, силувачите на деца со максимална казна доживотен затвор, се додека државата не обезбеди услови педофилите да не го повторат делото. Но праксата покажува дека педофилите најчесто се повратници. Меѓаши укажува и на некоклу примери во светот на кој начин се решаваат проблемите со педофилијата. Во Норвешка на педофилите им се вградуваат микро чипови за да знае полицијата каде се наоѓаат тие во секој момент, а истото се очекува да го направи и Англија. Во Данска се врши хемиска кастрација на педофилите повратници, а за истото се залага и претседателот на Франција.

Во земјите кои се сметаат за помалку цивилизирани смртната казна е единствената за сторителите.

На крајот сакам да потецирам дека покрај репресивните мерки кои се преземаат со измените и дополнувањата на кривичниот законик потребно е посебно внимание да се посвети на превенцијата од страна на родителите, училиштата, граѓанските организации и надлежните институции за да се намали ризикот за извршување на овие кривични дела. Исто така се значајни и мерките и активностите кои се преземаат за ресоцијализација на сторителите на овие кривични дела, како и за третманот на жртвите.

Во однос на вториот сегмент од измените на Кривичниот законик што се однесува на посредувањето на вршење проституција, разбојништво и разбојнички кражби и предизвикувањето шумски пожари, значајно е да се истакне дека зголемен е трендот на сторување на овие кривични дека поради што се наметнува потребата за поригорозна казнена политика како во пропишувањето на казните во овој законодавен дом, така и во нивното изрекување од страна на судовите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот залучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за предложениот заклучок гласаа сите 69 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оввaа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повиккувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и на член 7 за менување на став 2, со кој се согласил претставникот на Владлата.Тие се составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закоанот.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по тескстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, за Предлогот на законот гласаа сите 70 пратеници, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Пред да продолжиме со точка 12, согласно член 68 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, како претседател на Собранието одлучувам да работиме после 18,00 часот, до завршување на точката 12 од дневниот ред, согласно договорот што го постигнавме.

**Минуваме на точка 12. - Предлог за донесување на закон за издавање на вредносни бонови ваучери, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија господинот Јани Макрадули, министерот за финансии и господинот Талат Џафери.

Има збор министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи го предвид позитивното искуство од минатата година кога со законот за издавање на вредносни бонови, ваучери, 12.222 студенти се здовија со компјутери, Владата на Република Македонија реши и оваа година да спроведе програма за доделување вредносни ваучери во рамките на проектот - Македонија земја на информатичари, како директна субвенција за купување на компјутери.

Ваучерите се наменети за сите редовни студенти државјани на Република Македонија запишани за прв пат во завршна студиска година во учебната 2008-2009 година на било кој државен или акредитиран приватен факултет во нашава земја односно универзитет, како и студенти кои се евидентирани како лица со посебни потреби, без разлика на студентската година, секако со исклучок на оние кои минатата година го искористија тоа право. Целта на програмата е зголемување на употребата на компјутерите пред се помеѓу младата ИТ активна генерација односно генерација која ги користи информатичките технологии т.е. студентите.

Кампањата ќе биде спроведена во соработка со сите високо образовни установи, државните и акредитираните приватни установи од високото образование во Република Македонија, како и со сите претпријатија од областа на инфорамтичка технологија во земјава кои ќе изразат интерес за учество во програмата.

За разлика од минатата година номиналната вредност на ваучерите е зголемена од 12.300 на 15.500 денари со што се овозможува студентите да се стекнат со компјутери со подобри перформанси.

Постапката околу евиденцијата за издадените ваучери, распределбата на ваучерите во високо образовни установи, како и надзорот на спроведување на наменското користење на ваучерите ги врши Министерството за финансии. Евиденцијата и идентификацијата на корисникот на ваучери се врши врз основа на ВЕБ апликација кое Министерството за информатичко општество ја набавува согласно законот за јавни набавки. Во законот се предвидени одредби со кои можностите за злоупотреба на Законот се сведени на минимум, а истовремено се предвидува и кривична одговорност за лица кои ќе извршат злоупотреба или фалсификување на ваучерите.

Исплатата на средствата на трговските друштва и трговци поединци се врши врз основа на доставени искористени ваучери, фискална сметка и копија од Договорот за купопродасжба на комјутер што ги содржи перформансите на продадениот компјутер.

Почитувани, со оглед на тоа што средствата потребни за исплата на ваучерите, со вашето гласање за одлуката за пренамена на средства меѓу буџетски корисници и фондови од пред неколку часа се обезбрдени во Буџетот на Република Македонија за 2008 година и истите треба да се искористат до крајот на годината, Владата на Република Македонија му предлага на Собраието да го разгледа и да го донесе законот по скратена постапка. Значи, вкупната сума на обезбедени средства изнесува 200 милиони денари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, најпрвин да изразам разочарување што пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ не собра сила да се извини за синоќешниот инцидент и да изразам разочарување од вашиот однос затоа што и вие тоа не го сторивте.

Денес имам еден закон што го имав и минатата година кој одредени фирми во Република Македонија ги части надвор од процедурата, пари, за наводни кампјутери што ги продале. Тоа ќе го илустрирам со извештајот што постои на сајтот на Министерството за инфорамтичко општство.

Инаку, самиот закон е конфузен, има мешање на ингеренции во кој учествуваа шест министерства кои се вклучени во реализацијата на овој закон, што мислам дека е апсолутно непотребно. Да биде чудото поголемо, поголемиот дел што се однесува на финансиската исплата ја врши Министерството за информатичко општество а не Министерството за финансии.

Мислам дека таа нелогичност треба да се тргне од законот, бидејќи зошто Министерство за финансии да префрлува пари на Министерство за информатичко општество, а тоа да ги плаќа сметките.

Второ, во таа конфузност набрзина е пишуван законот пишува дека за спроведување на овој закон се предвидени 150 милиони денари. Вие господине министер вчера рековте дека издавањето на ваучерите ќе чини 200 милиони денари така да се договориме колку чини овој проект дали тој што го пишува во законот или тоа што го кажувате како експозе.

Врв на конфузијата поврзана со овој закон е изјавата на Иво Ивановски кој вели дека оваа година тие што ќе го злоупотребат, тоа е Фројдовска констатација, ваучерот, можат да бидат исфрлени од студентските домови, па дури и од универзитетската настава. Мислам дека во тој наплив на драконски казни на авторитарно однесување во Република Македонија посебно овие што не живееле во Македонија долги години толку ја забегале работата што мислат дека можат да истерат студент од студентски дом или факултет иако тоа во ниеден закон не го пишува.

Да направиме една споредба. Врвот на конфузијата е тоа што овој закон е дел од она што се вика немање стратегија во кој правец ќе се подобри информатичкото општество во Република Македонија.

На сајтот на Министерство за информатичко општество, за жал, има стратегија што ја донело ВМРО ДПМНЕ, а не она што Собранието едногласно ја донесе во 2005 година, но тоа зборува за капацитетот на ВМРО ДПМНЕ и затоа имаме единица по демократија.

Има една анализа направена од Беркли каде пишува дека пред се најголем приоритет треба да се даде на софтверот и на едукативен софтвер за да може да се користат компјутерите, а не како што оние наводно 100 илјади компјутери во овој момент стојат и собираат прашина.

Што може да се купи со предлогот од 250 евра, скоро ништо. За жал, самиот доказ дека за прво одделение компјутерот чини повеќе од ова што сега го давате зборува исто за конфузијата, бидејќи 24 милиони евра наводно коштале 100-те илјади компјутери.

Еве ги тука цените, не сакам да бидам погрешно сфатен, да не ги цитирам компаниите, најефтиниот компјутер во оваа компанија кошта 18.740, но без монитор. Во оваа компанија коште 17.770, зборува за најрудиментираните. Овие што ви се блиски по една друга линија 16.220. Значи, за апсолвент вие не можете да купите добар компјутер или компјутер кој може да има работна

околина што ќе му помогне и затоа е добро да се прифати амандманот со овие средства да можат да си докупат луѓето, да си ја вградуваат рам меморијата, да си го сменат мониторот, да си докупат екстерен, надворешен хард диск, нешто што ќе му помогне, а не да го врзуваме за компјутер што не му вреди. За тие пари не можете да ја постигнете целта посебно не за апсолвентите, а да не зборувам за апсолвентите од факултетите кои го користат тоа во големе мера.

Второ, со оваа кампања, за жал, ја промовирате пиратеријата, вие за тие пари не можете да купите компјутер, а да не зборуваме да купите лиценциран софтвер. Тоа е втор крупен проблем во овој закон. Самата Влада која мора да се бори и да се грижи за пиратеријата, да се бори против пиратеријата самата го промовира што за тие цени не можете да купите ни солиден компјутер за жал ќе бидат приморани да купат шкарт компјутер но без лиценциран софтвер. Ние како обврски тоа ќе го пишува во извештајот во кој Владата на ВМРО ДПМНЕ има единица демократија ќе го пишува и тоа за почитување на интелектуалната сопственост, интелектуалните права.

Вие рековте дека не се можни злоупотреби, сега ќе ви кажам, а утре ќе ги доставам податоците таму каде што треба. Ова е извештајот за спроведената реализација на ваучерите од минатата година. Тука се вели и упатството што го имате потпишано за да се изврши транспарента работа се формира веб страница на која мораше да се пријават компаниите. Еве ја листата на компаниите што се регистрираа и што добија од вас дозвола да продаваат.

Кога го доставивте првиот пат извештајот ви поставив пратеничко прашање каде што кажав дека во извештајот беа дадени само имиња на 15 компании а дека фалеа 182 компании или во пари 1.128.000 евра. Во компјутерскиот свет во Република Македонија се зборува дека некоја од тие фирми не постои и дека тие фирми се направени наврат нанос односно им се дадени пари така.

Затоа на овој список што го имате дадено како одговор на пратеничко прашање постои во извештајот имате компании кои не постојат и кои не добиле регистрација од вашата Веб страница дека можат и се овластени да примаат ваучери од високо образовните установи. Затоа тука ви се наоѓаат компании кои не постојат Чико-компјутери, Гемо- груп, 570, 390, Премиум копјутери, Смастер нет, Кватро компјутери, Мапас од Куманово. Тие фирми можеби постојат, но не добиле лиценца од вас тоа да го спроведат.

Она како што најголема злоупотреба се прави, тоа што го нема и во овој закон, а го баравме и минатиот пат тоа е дека сте го напишале како проблем во самиот извештај компјутерите не ги издаваат со гаранција односно сите 12 илјади компјутери нема различен гарантен број. Една компанија издава со еден гарантен број за сите компјутери и тоа луѓе што имале проблеми се соочиле со тоа односно фирмите на тој начин се обиделе да го бајпасираат немањето на толкав број на компјутери посебно оние што не постојат и затоа во реализирањето на оваа племенита идеја има премногу злоупотреби, премногу компании кои не постојат и кои не биле лиценцирани добиле пари од државата.

Сите овие податоци ќе бидат доставени до надлежните институции и очекувам истите по нив да се произнесат.

Мислам дека во овој момент овие пари можат многу попродуктивно да се искористат ако се дадат на студенти од прва година, ако се дадат на варијанта да можат да докупуваат компјутерска опрема и ако се дадат во развој на софтвер кој што во овој момент им треба на компјутерите кои служат за собирање прашина во основните училишта таму каде не е реализиран, а не целосно завршен проектот за 100- те илјади наводно компјутери кои никаде ги нема.

Секогаш постои дилема како да се произнесете за вакви хумани на почеток добри работи, се добива подршка. Но, со ВМРО- визација и со криминални уфрлени елементи внатре во спроведувањето и имплементацијата на законот се доведува до знак на прашање на добрата намера што некој ја имал. Сепак без стратегија со ова нема да се помогне за развој на информатичкото општество во Република Македонија освен што фирми кои не постојат ќе добијат пари од државата за компјутери, што не постојат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Благодарам.

Му должам одговор на господинот Макрадули за разликата во цифите. Точно е тоа дека првобитно планираната сума беше 150 милиони денари, таа стои во образложението, но по доставувањето на текстот на Предлогот за донесување на закон до Собранието во рамките на подготовката на одлуката за пренамена на средства беше одлучено дека можеби е добро оваа сума да се зголеми да не дојдеме во ситуација како минатата година кога, ако се сеќавате, носевме измена на закон заради тоа што однапред не можевме да го предвидиме конечниот број на запишани студенти заради режимот на нашите универзитети кој е прилично флексибилен во однос на роковите до кога студентите се запишуваат во завршна година заради некои условни сесии, тоа е нестандардно и наскоро ќе биде надминато. Јас мислам дека треба да се знае дека на 1 октомври секој универзитет ако е тоа почетокот на учебна година треба да знае точно кои студенти се запишани во прва година, но тоа е друго прашање.

За ова што го спомна господинот Макрадули токму тоа е она што може да помогне. Секој оној што има информации, докази за можни упади, злоупотреби секако ќе направи услуга доколку ги презентира надлежните институции да се казнат

виновниците, оние кои се огрешиле од законот затоа што Законот има строги одредби за санкции затоа што се работи за една масовна акција во која се вклучени многу актери не само шесте министерства има уште 600 други точки во рамките на самите факултети кои исто така имаат одредена функција за доставување на податоци, претпријатијата и слично.

Јас го ценам она што го кажа господинот Макрадули и доколку нас не запознае подетално со она., ако евентуално располага со такви информации може да помогне да се надминат некои слабости од минатата година во спроведувањето на оваа акција оваа година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Доколку имате добра веб апликација самата апликација ќе ви ги кажеше компаниите кога ќе доставеа ваучер дека таа компанија не е регистрирана, ова е симната од вашиот сајт , од сајтот за ваучери. Ова се фирмите што се регистрирани ги има вкупно 111 ама тука кога го дадовте одговорот на пратеничкото прашање кои фирми се добиле тука се појавуваат некои фирми кои не се регистрирани и ги нема на вашиот сајт. Овие документи јас не мора да ви ги дадам, ова е симнато од веб апликацијата што ја имате, а бидејќи реков овој материјал ќе го доставам други да го проверат.

Да повторам вие по Законот за јавни набавки ќе правите некоја апликација, нека ја направи некој друг, нека не го води тој проект господинот Ивановски, од овој аспект има слаби познавања, добрата веб апликација самата ќе ви ги кажеше грешките. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Талат Џафери, но бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор по претресот.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот залкучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за издавање на вредносни бонови-ваучери.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да може да се премине на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 став 2.

Пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова поднесоа амандманна член 8 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Бендевска поднесе амандман на член 1; член 2 став 1; член 3 и за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1; член 6 ставови 1 и 2; член 8 став 1; член 12 ставови 1, 2 и 3; член 13 ставови 1, 2 и 3; член 14 ставови 1 и 2; член 15; член 16; член 17 и на член 19 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани како предлагачи се приклучија Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратниците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска, под архивски број 07-4472/3

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа, се предлага Законот да се однесува и на студентите на прва студиска година, а кажавме дека критериумот е студенти запишани во завршната година на студии на јавните и на приватните акредитирани високо школски институции со тоа што како втор аргумент можам да го спомнам износот кој беше планиран во буџетот од 200 милиони денари кој приближно одговара на можноста да се набават компјутери, да се дадат ваучери на студентите од завршните години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија госпоѓа Весна Бендевска и господинот Јани Макрадули.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Нашиот прв амандман се однесува за интервеницијa во членот 1 од законот каде е предвидено корисници на вредносни бонови-ваучери за набавка на компјутери да бидат сите студенти кои за прв пат се запишуваат во последна година од студии.

Ако добро се сеќавате наш предлог и минатата година беше корисници на овие вредносни бонови ваучери да бидат исто и бруцошите односно сите

студенти кои за прв пат се запишани на високо образовните студии на државните универзитети.

Дефинитивно во вашиот Предлог закон како основно начело врз кој се базира овој закон наведувате дека предлогот се заснива врз начело на поттикнување и помагање на научниот и технолошкиот развој на младите. Сметате дека причина поради која треба да се донесе овој закон е со цел на студентите да им се овозможи полесен начин да се стекнат со компјутери и уште на почетокот на студиската година да се донесе овој закон со цел да им помогне во нивната студиска година. Вашиот предлог го ограничува тоа на апсолвентите кои се запишале за прв пат на последната година од студии.

Навистина и лани ја отворивме дилемата дали не е многу поцелисходно правото за набавка на компјутер да го имаат студентите кои се запишуваат во прва година и тогаш ќе говориме дека државата им помогнала, им придонела, ги потикнала конечно младите да се вклучат во научниот и технолошкиот развој преку користење на соодветна компјутерска технологија. Мислиме дека ваквото решение е многу поефикасно и порационално и сметаме дека треба да воведеме принципна секој бруцош запишан во Република Македонија да го добива ова право за стекнување со компјутер.

Но, овие години се додека бруцошите не го застапуваат вашето начело на апсолвенти да одат подеднакво и двете категории. Затоа нашиот амандман се однесува на тоа оваа година од Буџетот за 2008 година да оделиме средства за набавка на компјутери на сите бруцоши, студенти запишани на прва година студии и на сите апсолвенти кои за прв пат се запишуваат на студии оваа година.

Меѓутоа, имавме дилема и сакаме да дебатираме и за уште нешто многу посуштествено.

И минатата година дебатиравме околу тоа кои студенти редовно запишани на студии треба да се стекнат со ова право. Сметаме дека врз правото на правичност и праведност со оглед на тоа што се користат буџетски средства во кои подеднакво учествуваат граѓаните од Република Македонија сметаме дека тоа право треба да го добијат исклучиво студентите запишани на државните високообразовни установи.

Сметаме дека со вашиот предлог господине Славески сепак правите определена дискриминација. Од Република Македонија постојат студенти кои редовно студираат на високообразовни установи надвор од територијата на Република Македонија, иако нивните родители апсолутно го полнат Буџетот на Република Македонија, како и родителите на оние студенти кои студираат во Република Македонија.

Исто така, сметаме дека конечно приватните високообразовни установи во Република Македонија, за чие што школување се наплаќа сериозно повисоки суми за партиципирање на секоја година можат, им предлагаме како еден вид реклама, поттикнување на упис на оние студенти чија материјална состојба ќе им дозволува да бидат запишани на приватни факултети правото да си го земат сопствениците на тие приватни установи.

Затоа, наш предлог е во 2008/2009 година да им поделиме подеднакво вредносни бонови, ваучери и на студентите кои се за прв пат запишани на редовни студии на државните универзитети во Република Македонија и на апсолвентите кои се запишани во оваа студенска година, да потенцирам, на државните универзитети кои се разбира се исто така финансирани од Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Останува дилемата која што и по влогот сферата во Република Македонија беше едно од главните барања и мислам дека тука повеќето барања на студентите одеа повеќе во тој правец да поприродно е бруцошите да добијат шанса да набават компјутер, при тоа мислам на нормален компјутер, отколку тоа да биде за апсолвентите.

Постојат факултети, посебно сега со кредит трансфер системот каде што човек не може да стане апсолвент ако нема дома компјутер, или кога во услови кога потешко се живее, за тоа имам и амандман, има некој компјутер, а со овие средства сепак може да го надогради и исто поцелисходно со оној приоритет што се бараше од младата генерација и од студентите кои што разменуваат многу информации по влоговите на веб-страниците во Република Македонија.

Затоа, ако имате стратегија да ја активирате помладата АИТ генерација, нема помлада АИТ генерација од студентите кои што доаѓаат прва година на студии. Јас знам дека тој број е многу поголем од апсолвентите, но ако сакаме реално да го направиме тоа тогаш ќе им дадеме подршка уште од веднаш на студентите од прва година.

На овој начин кога остануваме само на апсолвентите, повеќето од нив се веќе со компјутери, повеќето од нив си имаат своја АИТ култура и АИТ знаење кое што не можат да го поправат со ваква шкарт конфигурација, туку единствено, за жал, некои само непотребно, апсолутно непотребно од Буџетот ќе искористи некој, фирмата која што освен кога се делат ваучери и нема некоја друга поголаме активност.

Покрај стратегијата, ако имаме реална стратегија ќе чуеме дека овие средства и оваа активност може да биде освен на пониско ниво, во прва година да биде во делот на софтверот што може да се набави како апликација што би требала на некои групи студенти од различни области.

Остануваме на амандманот бидејќи тоа е барање од поголемиот број студенти. Поприродно е и повеќе ќе придонесе за развојот на она што се целите на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 7 пратеника, воздржн 1, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска под архивски број 07-4472/3.

Процедурално бара збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, навистина реагирам ако два дена ни го продолжувате работното време, ние навистина сме исцрпени, ниту имаме концентрација, без да се консултирате со нас, ако ние седиме тука постојано како заковани, барем редно е да си ја приберете пратеничката група и да не чекаме на секој амандман по пет минути за гласање.

Исто така сакам да реагирам, бидејќи навистина вие треба да држите до верските празници затоа што и ние сме верници секако, дел од нас, меѓутоа вие затоа што и воведовте верски празници, денеска е задушница, меѓутоа, еве колку ги почитувате верските празници, ги утврдувате како верски празници, а не не пуштате денеска и ние бидејќи сме верници, а не сме во вашите редови да си ги завршиме верксите обреди.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку, мислам дека е по договор направено продолжувањето на работата после 18 часот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска под архивски број 07-4472/12.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа, затоа што се предлага законот да се однесува само за студентите од јавните високообразовни институции. Мислиме дека тоа не е во ред и се надевам дека и самите предлагачи на амандманот ќе го преиспитаат својот став.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријавија пратениците Јани Макрадули и Емилијан Станковиќ.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Ова е дилема која што постоеше и кај нас, но кога зборуваме за буџетски средства сакаме овие средства од Буџетот да бидат распределени на студентите кои што студираат на државните факултети и на Државниот универзитет. Бидејќи ако станува збор за приватните образовни установи тогаш има многу македонци апсолвенти кои што студираат на пример, во Бугарија. Зошто тие да не добијат компјутери. Што е различно, и дури поквалитетно сигурно, кој да земам, европскиот универзитет на Војо Андревски или некој во Бугарија. Јас мислам тој во Бугарија е поквалитетен и плус студените кај нас плаќаат по 3 илјади евра од година на приватните факултети и државата да им купи компјутер, а на сметка на нашите буџетски установи кои што мака мачат со парите. Затоа мислам од аспект ако ги третираме и приватните факултети тогаш тоа треба да важи за сите приватни факултети. За македонците што студираат во Бугарија, Германија, Америка и не треба да правиме дискриминација и разлика меѓу нив, во Албанија, во Грција. Не треба да правиме разлика по тоа. Затоа е поприродно кога распределуваме буџетски средства да ги издадеме на студентите кои што студираат на буџетските установи, високообразовни установи во Република Македонија и на тој начин ќе имаме можеби повеќе средства и можеме да добиеме подобра конфигурација за нив.

Доколку тие студенти кои студираат на приватните универзитети плаќаат по 2,500 - по 3.000 евра годишно за студирањето верувам дека таму имаат одлични услови и имаат компјутер уште од првата година. Би било неприродно за да нема.

Затоа по зборовите на компјутерската фела во Македонија оние што главни тргувачи се на ваучерите, чии огласи ги знаеме, ги имаше минатата година се токму студентите кои што студираат на приватните универзитети, бидејќи тој кога ќе плаќа секоја година 2 илјади евра нема кој нема да не му купи компјутер и да има уште првата година. Тие студенти кои не можат да купат опрема, бидејќи законот тоа не му го дава, имаше стотици огласи за продавање на ваучери кои што минатата година одеа 110 евра, да ве потсетам во весниците објавени.

Затоа, бидејќи тие кои што плаќаат по 10 илјади евра за своето школување сигурно фамилиите можат да си го приуштат тоа.

Второ, кога ќе платите 10 илјади евра на факултет, кој факултет нема да ви даде уште од прва година компјутер.

И за да спречиме дел од злоупотребите, да не правиме дискриминација помеѓу македонците кои студираат на приватните универзитети во Скопје, во Македонија и во други држави, поприродно е буџетските средства да ги дадеме на студенти кои што студираат на високообразовните државни универзитети во Република Македонија.

На тој начин нема да се јават ниту злоупотреби, ниту дискриминации помеѓу студентите, а ќе има повеќе средства што ќе бидат распределени на

апсолвентите од високообразовените установи во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам господине претседателе.

Сакам на почетокот уште еднаш да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ. Впрочем тоа и го покажавме и ќе покажеме дека гласаме за овој проект, меѓутоа и секогаш ќе подржуваме проекти кои што одат во насока на унапредување на образованието на младите, бидејќи на нив останува иднината, но во исто време сакаме да придонесеме со овој амандман овој проект да биде подобар и полесно да се спроведе во пракса. Во исто време да не се повтори претходната година кога повеќето од студентите кои добија ваучери не успеаа да ги искористат и тоа доведе до одредени фрустрации кај студентите кои не успеаа да си го остварат ова законско право.

Дека е ова така, јас ќе се обидам со факти да влијаам кај министерот за финансии и кај владеачкото мнозинство да сфати дека ова што го предлагаме всушност оди во насока на опфат на сите оние студенти кои што треба да го искористат ова свое право, односно овој вредносен ваучер.

Без разлика што првичната сума која што Владата ја предвидела за искористување на ваучери во вредност од 150 милиони денари после денешното гласање на одлуката за распределба на буџетски средства односно развојни ставки се претвори во 200 милиони ќе би покажам практично дека ниту овие средства нема да бидат доволни и нема да овозможат за сите оние студенти кои што го имаат правото да аплицираат за ваучери тоа да го искористат во пракса.

Ако се земе дека за овој проект Владата предвидела 200 милиони денари и истата ја споредиме со акцијата што Владата ја спроведуваше минатата година, а минатата година биле поделени 13,500 ваучери, со 200 милиони денари со вредност од 15,500 денари по еден ваучер во вкупен износ може да се добијат 12.903 ваучери, што покажува дека сумата од 200 милиони денари не е доволна за да има опфат од 13,500 ваучери, колку што минатата година биле поделени.

Дополнително, што оваа година се има запишано многу повеќе студенти во завршна година на студии од минатата година. Дополнително, бидејќи во образложението кое што неколку пати го оспорувате односно го дополнувате образложението со некои нови, свежи информации, јас колку што можам да прочитам Владата планира по усвојувањето на овој закон да подели 15,000 ваучери. За да се поделат 15,000 ваучери потребни се 232 милиони и 500 илјади денари според мојата пресметка или од прилика за 15,000 ваучери вие ако сте предвиделе 200 милиони ви фалата уште 32,5 милиони денари или во превот 500 илјади евра за да поделите 15,000 ваучери.

Значи, повторно и по усвојувањето на овој закон ќе нема доволно ваучери или очигледно овие 12, 903 ваучери ќе бидат поделени исклучиво по партиски клучи и ќе бидат дадени на партиски војници.

Не сакам да бидат сфатен погрешно навистина сакам да придонесеме кон подобрување на текстот и ова да биде проект кој ќе биде полесно спроведлив во пракса и нема да се повтори негативното искуство од минатата година.

Затоа апелирам до владеачкото мнозиство да се прекрши и да го прифати овој наш амандман кој оди токму во насока на зголемување на опфатот на студенти кои што ќе го добијат овој ваучер и во исто време ќе се зголеми вредноста, при што студентите ќе бидат доведени во ситуација, односно за нивна среќа ќе можат да купат компјутер, наместо кој што бил последен крик на технологијата пред пет години, да купат компјутер кој што ќе има солидна конфигурација односно Пентиум 4 кој што ќе обезбеди она што е посебна технологија, за која што секој млад човек се стреми да ја поседува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени претеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Пратениците влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од нив за амандманот глаале 6 пратеници, 1 се воздржал, а 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска под архивски број 07-4472/12.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесн од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор по амандманот се пријави госпоѓа Бендевска Весна.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Ајде вака да се договориме,имате ли некоја посебна активнсот, внатре коалициска, тогаш, видовме дека разговарате?

**Трајко Вељаноски:** Повелете по амандманот.

**Весна Бендевска:** Не, ама не гледам причина и не гледам реална заинтересираност за дебата по еден навистина добар закон. Ја иамте нашата поддршка, меѓутоа дајте да продебатираме.

Дозволете, ајде да бидеме фер. Имаме амандмани, имаме наше видување како да го подобриме текстот на овој закон и најискрено, со оглед на тоа што амандманот под број 3 природно се однесува на предложените решенија што не ги прифативте, од амандманите 1 и 2, навистина сакав да се откажам од овој амандман. Ги има и повеќе, но ајде да бидеме фер.

Господине министер, за да ги откажеме сите овие слични амандмани, должни сте да ни одговорите на две прашања. Зошто сметате дека е подобро да се користат буџетски средтва и да наградуваме студенти на завршна година, а не студенти кои за прв пат се запишуваат? Или, не мислите ли дека компјутер, кога ќе добие секој бруцош, навистина ќе има можност со надградба, во неговото студирање да го користи многу порационално и пореално? Ве молам да добиеме ваше видување барем,кога сте го размислувале овој закон,зошто сметате дека апсолвентите треба да бидат повластената категорија?

Второ, не дадовте конкретен одговор зошто мислите дека нашиот предлог, овој закон да се однесува за студенти на државни универзитети не ја гледате логиката? Очекувате дури, дозволете да ве парафазирам, очекувате од нас да го преиспитаме ставот. Не мислите ли да ги оставиме приватните универзитети сами да се снаоѓаат, условно речено, на пазарот на кој се наоѓаат?

И, како што кажа колегата Макрадули и онака наплатуваат енеромно високи школарини. Во тие школарини не се ли доволни за да им обезбедат на студентите и соодветна компјтерска технологија? Тоа е нашето прашање.

Сакавме со овој наш предлог буквално да ги ставиме во подобра ситуација студентите кои се запишуваат на државните универзитети во Република Македонија кои, да потсетам и онака се финансирани од истиот извор, од Буџетот на Република Македонија. И, до колку навистина добиеме конкретен одговор зошто семтате дека тоа е така, се разбира како овластен претставник на предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија, јас ве убедувам дека сите вакви амандмани што следат, а се однесвуаат токму на оваа проблематика, коректно од наша страна ќе бидат повлечени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Госпоѓо Бендевска, прашањето е наместо, легитимно. Можеме да размислуваме во алтернативи.

Овој став преовлада минатата година во Владата на Република Македонија, затоа што акцијата се правеше по прв пат. Сега е некако продолжение, однсоно инерција.

Логиката е следна, има уште еден аргумент што оди дека сепак треба, кога станува збор за личен компјутер, тоа го нагласувам, личен компјутер, да им се помогне на студентите од завршните години. За тоа што се тие оние кои докажале дека ќе го “истуркаат” своето високо образование до крај.

Ова година,како што знаете, бројот на студенти кои се запишани на високообразовните институции во Република Македонија е рекордно висок. Не можевме да процениме, сега добиваме податоци дека со најновите уписи, ако некаде се земе вкупниот број на преку 19 илјади запишани лица, не се сите завршени средношколци, затоа што има и повозрасни кои одлучиле да го продолжат своето образование на високобразовните институции, бројката е ралативно висока.

Сега, најверојатно ќе се согласите дека можеби треба, тие за да ја добијат оваа повластица од државата, да го поминат филтерот на неколку те години во високото образованеи.

Само да спомнам дека станува збор за личен компјутер. Не очекуваме ние дека ова ќе биде, како што забележуваше господинот Макрадули , јас тоа го кажав и минатата година, целосна вреднсот што ќе ја покрие вреднста на компјутерот. Оставен е простор, во зависност од материјалните можности, преференците и т.н., да се доплати извесна сума за тоа каков компјутер ќе се обезбеди.

Напомнувам, кога зборувам за личен комјутер, сакам да ви укажам, а можеби вие тоа го знаете подобро од мене дека во последниве, можеби и 5 години, повеќе високобразовни институции и од јавниот и од приватниот сектор опремуваат свои компјутерски лабаратории од зависност од можностите.

Прво, студените имаат каков-таков пристап на самите факултети. Но, тоа се компјутери што се таму фиксирани. Ова е за да можат да работат дома, оние кои тоа го немаат.

А, во однос на приватните, јавните и т.н. ние сметаме дека не треба да се прави дискриминација. Прашањата се повторно вредни за размислувања за вклучување на студенти од завршната година кои студираат надвор од Република Македонија и т.н. но знаете, кога станува збор за масовни акции, ништо не може да биде до крај идеално. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине министре за вашето објаснвуање, за вашите гледишта, при понудата на овој Предлог на закон.

Многу накратко. Сметаме, бидејки сами гледате дека сметаме дека законот е добар, нашиот предлог би изгледал вака, многу накратко.

Ако 2008 година им дадеме и на бруцоши и на апсолвенти, до 2011 година Буџетот ќе издвојува за две категории. И тогаш бруцошите ќе стигнат како апсолвенти, ќе можеме да им обезбедуваме, особено заради тоа што станува збор за личен компјутер.

Мислам дека е многу порационално да го имаат бруцошите, но сеедно, вие имате легитимно гледање, претставник сте на Валдата, ние бевме должни да го соопштиме нашиот став.

Јас ќе бидам коректна и до крај ќе ги повлекувам ваквите амандмани. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам госпоѓо Весна Бендевска дали е повлечен амандманот?

**Весна Бендевсак**: Апсолутно го повлеквуаме.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Валдата.

Го молам претставникот ан Валдата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Асмандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:**.Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 и за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор по амандманот се пријавија господинот Макрадули Јани и госпоѓата Грковска Лошкова Славица.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Минатата година, овој член изгледаше поинаку. Нашиот амандман се однесува да покрие два аспекти од предложениот член.

Имено, минатата година овој член се состоеше од три става.

Прво, дека вредносни бонови - ваучери се издаваат во вредност од, минатата година, 123 милиони денари;

Дека ваучерите се издаваат во номинална вредност од 12.300 денари и

Дека ваучерите се издаваат во вкупен број од 10 илајди парчиња.

Сега, да има полесна работа и покомотна да биде целата ситуација, единствено има обврска ваучерите да се издаваат во номинална вреднос тод 15.500 денари. Затоа, бидејки не се има ориентациона бројка на апсолвентите, се тргнало во варијанта и затоа во законот, веројатно тоа и министерот го образложи, има потреба од 150 милиони денари да со ребалансот практично се стигне до вредност од 200 милиони денари. Тоа е едниот аспект.

Мислам дека треба од прилика да се знае и вкупната вредност и номиналната вредност и бројот на ваучери што се издаваат, со што ќе се намали можноста од евентуалната злоупотреба. На овој начин се остава една прешироко формуалција што може, за жал, реков што може да биде искористена и на поинаков, за жал, начин.

Од друга страна, во првиот дел зборував дека за 15.500 деанри вие во принцип можете да купите, можеби шкарт е полош збор, но не можете да купите компјутер што ќе ги задоволи перформансите на еден апсолвент. Бидејаки еве домашен компјутер, најефтиниот, без лиценциран софтвер изнесува 18,740 денари. Тој штое за на работа е 19.190 најефтиниот. И тука различни цени. Малку фали за да стигнеме до најниската цена што може да се најде во продажната цена во Република Македонија., ако сакаме тој компјутер барем минимум да личи на нешто, а не на овие лаптопови што тука ги имаме што имаат недостаок на рам меморија.

Затоа овој амандман што го предлагаме ги решава двете работи. Прво, дека вреднсота од 15.500 денари предлагаме да се замени со 22.000 денари и дека треба да се издадат ваучери во вкупен број од 28.000 парчиња и дека тоа е приближно 616 милиони денари.

Најспомнуваниот, можеби проблематичен, не најпроблематичен, туку третиот кат на Трговскиот центар, што ноќеска, всушност денеска го донесовме може да им донесе компјутер на секој бруцош во Република Македонија. И тоа квалитетен компјутер.

Денеска распределивме 72 милиони евра за разно-разни непродуктивни трансфери. Ако нависитна сакаме да го поттикнеме развојот на инфорамтичкото општество, има пари. Само се поставува прашањето на стратегијата од една стана и второ, ако се реши стратегијата да бидат апсолвентите, зошто тогаш им нудиме рудиментиран компјутер или вредност на компјтер што за 15.500 не може да ги задоволи потребите на пониски квалификувани луѓе, а да не

зборуваме за апсолвенти. Посебно што на пазарот ретко ќе најдете компјутер што ја има таа вредност.

Затоа велам дека е многу попаметно ако оваа вредност како ваучер некој ја искористи за надградба на тој компјутер што го има, бидејки не верувам дека има многу апсолвенти кои немаат компјутер, бидејки со кредит-трансфер системот, реков тој мора да работи од дома, домашните задачи мора да ги врши преку меил, а да не зборувам за факултетите што природно припаѓаат на науките од природните науки.

Затоа на овој начин, само са останување на номиналнаата вредност на еден ваучер, прво кога ќе се распише тендерот од страна на Министерството, за дизајнот и печатењето на ваучерите, на колку ќе се распишат? Мислам дека таа бројка треба да се знае. Која е вкупната вреднсот што овој систем ќе ја чини државата, исто така треба да се знае. Ако помеѓу 15 дена неговата вреднсот од 150 милиони денари пораснала на 200 милиони денари, до почетокот на реализацијата, после завршувањето на тендерите, можеби ќе стигне до 250 милиони деанри. Затоа, веројатно Владата, за жал, не си дава горна граница, туку пишува само номинална вреднсот на ваучерот што реално, реков, не може да покрие добар компјутерски систем.

Од друга страна зборував, и сега уште еднаш ќе повторам, како што кажам пред малку, 15.500 се недоволни за еден компјутер, а не да зборуваме за купување на лиценциран софтвер.

Затоа, ако Владата сака да покаже, а тоа реков во извештајот ќе го пишува, борбата за заштита на интелектуалните сопствености и права, таа може овој вредносен ваучер да го трансферира во лиценца, можност да го трансферира во софтвер за да стекнат навика, ако сакаме да зборуваме за ИТ култура и да зборуваме за вистински развој на информатичко општество, дека софтверот чини и вреди. Дека некој што го правел, дека за тоа треба и да се плати. Затоа, не можете да го развивате информатичкоро општество на оној начин како што оваа Влада го прави, а тоа е со купување само на железо, односно на хардвер. Вие можете да купите и 500.000 компјутери, но ако нема што да работат учениците на тие компјутери, не можете да го развивате инфорамтичкото општество. Ако тие го тргаат за да можат да ја стават својата тетратка, а немаат едукативен софтвер билокаков, “Мојот прв буквар”, некој математички софтвер прилагоден на македонскиот јазик или јазикот на заедниците што се користи во Република Македонија во образованието, тогаш вие не можете да очекувате дека ќе имате развој на инфорамтичко општество, бидејки тоа железо што само собира прашаина, за жал е и на мета на многу кражби заради лошото обезбедување во школите.

Затоа, овој амандманот го предлагаме и да се заштити самото Министерство, да се заштитат државните пари и да има поголема контрола во спроведувањето и имплементацијата на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе,

Да бидам искрена очекував дека овој амандман министерот ќе го прифати, од едноставна причина што како дел од Владата, како претставник на Владата би требало да биде еден од оние кои што исто така гласно говори за транспарентно и професионално работење, без да се остава простор за шпекулации.

Меѓутоа, за жал, се покажува и во овој случај дека заложбата на Владата за транспарентно и професионално извршување на обврските останува само декларативна и само на зборови од страна на претставниците на Владата и владиниот портпарол, заради тоа што оставањето, односно неменувањето на овој член, без вкупна вредност и без вкупна бројка на ваучери, остава огромен простор за шпекулации. Од една страна дека можно е злоупотреба од страна на владините институции кои треба да го спроведат овој закон. И Министерство за информатичко општество и Министерството за финансии до другата крајност дека ваквото законско решение нема да овозможи компјутери да добијат, или ваучери за компјутери да добијат оние за кои што е наменет овој закон, туку напротив, партиски луѓе, партиски членови на владеачката гарнитура, кој што би требало да добијат некаква компензација за нивната активност. Вие можете и да негодувате колеги пратеници, меѓутоа за да ги избегнете ваквите шпекулации, тогаш гласајте за амандманот, прифатете го амандманот, заради тоа што амандманот е многу логичен, затоа што во едно законско решение, во кое што е определено и сумата која што е потребна за негово спроведување е практично невозможно да се детерминира вкупниот број на ваучери кои што ќе бидат доделени, доколку имаме една провизорна бројка од страна на финансиски средства која што е определена за реализација на овој закон. Уште повеќе, што бевме сведоци од искажувањето на министерот за финансии дека таа бројка е зголемена. Јас се прашувам како понатаму ќе прогресира таа бројка. Дали ќе бидеме доведени во ситуација до крајот на декември, во зависност од желбата на владеачкото мнозинство или во зависност од погрешните проценки кои што во овој момент ги направило, да бидеме доведени во ситуација повторно да дебатираме за нова незаконска одлука за прераспределба на буџетските средства, со кои што сме обврзани да доделиме повеќе средства за реализација на овој закон, бидејќи, доколку остане сумата од 200 милиони денари, како што кажа министерот за финансии, само еден дел од студентите кои што за прв пат запишуваат четврта година, ќе можат да добијат ваучери за набавка на повторно ќе

кажам, дел од компјутери, затоа што кажа господинот Макрадули, компјутер со овие средства не може да се набави.

И навистина е нејасно како мислите да се спроведе ваквата одлука, заради тоа што произлегоа бројни проблеми на кои што ние укажувавме, меѓутоа, за жал министерството и Владата не смегнаа сили да ги анулира оние недостатоци кои што произлегуа, туку напротив, се одлучи практично само одредени измени од козметички карактер и тоа заради тоа што Министерството за информатичко општество беше формирано во меѓувреме. Во спротивно тоа е сосема истиот закон од минатата година.

Значи, апелирам до колегите пратеници од парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман, за да ја заштитат нивната Влада, нивното парламентарно мнозинство, нивната владеачка гарнитура и да докажат дека навистина се за транспарентно и професионално работење. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата за пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници. За амандманот гласаа 6, воздржани нема, против гласаа 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 6 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Тајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија госпоѓа Весна Бендевска и господин Јани Макрадули.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас сосема легитимно со господинот министер продебатиравме со тези и аргументи за и против, дали е подобро бруцоши или апсолвенти. Ама во поглед на овој амандман јас сериозно би сакала да го чувам објаснувањето на господинот Славески зошто во услови на постоење на ново Министерство за информатичко општество, ингеренциите, надлежностите околу спроведувањето на законот за издавање на вредносни бонови и ваучери за набавка на компјутери да е во ингеренциите на Министерството за финансии. Во рака го држам минатогодишниот предлог, сосема разбирливо кога немавме такво министерство, Министерството за финансии го спроведуваше овој закон. Ама да ве потсетам, веќе согласно вашите определби како ВМРО-ДПМНЕ ја замислува информатичката технологија и општество, ставивте дека прв чекор што го направите е да формирате Министерство за информатички технологии. Добро, го сторивте тоа. Согласно Законот за органи на државна управа, сега надлежности и ингеренции околу развивање на информатичкото општество во Република Македонија е во ингеренциите токму на тоа Министерство.

Господине Славески сериозно сакам да продебатираме зошто и повторно се нудите како главно Министерство, задолжено не само за издавање на вредносните бонови ваучери, туку и во многу фази и постапки, кои го следат овој закон.

Ќе бидам кратка, како јас со која логика гледам на вашиот предлог.

Значи ваучерите во материјализирана форма, кои гласат на доносител со вашиот предлог, во номинална вредност од 15.500 денари, прво треба, претпоставувам дека ќе распишете тендер, согласно Законот за јавни набавки, бидејќи претпоставувам ќе биде повисоко печатењето, ќе биде повисоко од 5000 евра, што е одредба од Законот за јавни набавки.

Дизајнот и печатењето, согласно Законот за јавни набавки го вршите вие.

Втората фаза, ќе биде повторно во ваша ингеренција, ќе водите евиденција за издадените ваучери, што си ја препишувате кон вас. Што ќе прави Министерството за информатичко општество. Според вас, ова Министерство само ќе обезбеди веб апликација согласно Законот за јавни набавки. И толку. Зошто тогаш го формиравме новото Министерство. Зошто го оптоваривме конечно и ја зголемивме Владата на Република Македонија. Ваш предлог беше, ваше ветување и вие го реализиравте. И сега кога конечно доаѓа тема која може министерот Иво Ивановски да се истакне како надежен министер, досега беше министер без ресор, ете му дадовме и ресор. Аманте господине Славески, му ја одземате работата на господинот Ивановски. Претпоставувам дека и колегата Макрадули ќе зборува за тоа. Уште неколку министерства се вклучени. Минатата година говоревме зошто овој закон не е под надлежност на Министерството за образование и наука. Вие од Министерството за образование и наука очекувате само да даде список на запишани студенти. Тука завршува за тоа Министерство. И на крајот ќе бидат вклучени уште две нови министерства за оние печатени вредносни бонови и ваучери и со присуство на госпоѓата Јанкулоска како министер за внатрешни

работи, господинот Бесими како министер за економија, ќе ги поништувате, односно уништувате. Аманте луѓе за ова ќе се ангажира цела Влада, за еден многу едноставен закон. Станува збор за издавање ваучери за набавка на компјутери, не гледам причина да се вмешуваат со задолжение по овој закон толкав огромен број на министерства. Не ја гледам причината и претпоставувам дека ќе ни ја понудите вашата логика чекор по чекор, со оглед на прекраткото време. Бидејќи ако започнеме од првиот чекор дизајнот, вие господине министре ќе бидете задолжени, како носител на Министерството, првин да дизајнирате, па потоа да објавите тенденр за изработка на тие ваучери. Денес е 31 октомври, ми се чини дека говоревте за термин 15 ноември кога конечно ќе знаете колкав е бројот на студенти запишани за прв пат на последната година на студии. ќе дојде 15 ноември, а потоа ќе треба да ги обезбедите списоците од Министерството за образование и наука, а ограничувате дека купувањето на компјутерите најдоцна ќе биде до 22 декември. Па повторно, претпоставувам ќе креирате масовна тепачка. Прво пред канцелариите за студентски прашања по факултетите, каде што студентите ќе се обидат да дојдат и да се легитимираат за својот вредносен бон, а исто така и по широката мрежа на трговски друштва и трговци поединци кои, иако како што кажа колегата Макрадули на вашиот веб ги има околу 120, ќе се јават согласно нашето искуство од минатата година многу поголем број на трговски друштва и трговци поединци.

Значи, нема реално време да се спроведе овој закон, согласно временската ограниченост, па уште да чекате министерство со министерство да ги спроведува редоследно овие чекори.

Затоа нашиот предлог во овој амандман вели: дајте слободно да му ги дадеме надлежностите на Министерството за информатичко општество. Вие како министер за финансии, треба да обезбедите буџетски средства и тоа го сторивме на денешниот ден, бидејќи станува збор за буџет од 2008 година. Оставете го Министерството за информатичко општество да го дореализира, ете се согласуваме на крајот, кога ќе останат оние неискористени неподелени ваучери, во присуство на министерката за внатрешни работи да се поништат. Нема потреба, навистина, скапо, долго и ќе се троши дополнително време, скапоцено време, но и средства и ангажман непотребен кај толкав број на ресорни министерства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван министре.

Ќе се обидам да надополнам она што го зборуваше колешката Бендевска и да посочам на неколку нелогичности во целиот овој законски проект.

Навистина, апсолутно непотребно седум министерства се вмешани во оваа работа и тоа по ингеренции кои што се понекогаш и чудни. Реков, зошто Министерството за информатичко општество да им исплаќа средства на компаниите кои ќе достават ваучер. Зошто не го правите вие кога вие треба да ги трансферирате тие пари до Министерството за информатичко општество, па тоа да ги исплати. Една сосема нелогичност. Министерството за финансии води евиденција за издадените ваучери.

Па во следниот член за евиденција на ваучерот, Министерството за информатичко општество обезбедува веб апликација. Или, ваучерите се издаваат меѓу Министерство за образование и наука и Факултетот, а формуларот го пропишува Министерството за информатичко општество. Ова е единствено направено да се изгуби трага на парите и да се изгуби трага на ваучерите. Инаку, не гледам никаква логика зошто толку министерства се вмешани, освен што на Министерството за економија, конечно му се дава нешто да работат, а тоа е да врши контрола за наменско користење на ваучерите, бидејќи сите ингеренции во областа на енергетиката им ги зедоа на министерот од ДУИ во економија, сега ќе врши надзор на користењето на ваучерите, кои што ги пропишува финансии, ги печати информатичко, а ги распределува образование. И се разбира, тука некаде ќе ни се изгубат и ваучери и средства, ама затоа ќе бидеме сведоци на распределба на ваучери на компании, кои што единствено работат во декември 2007 и сега малку ќе проработат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 59 пратеници, за амандманот гласаа 5, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес на член 8 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говора по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија госпоѓа Иванова Цветанка и господин Јани Макрадули.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

Штета што овој амандман министерот не го прифати, бидејќи навистина, беше логичен амандман и навистина, овој амандман го направивме заедно со колешката Станка Анастасова на барање на голем број студенти.

Имено, за што се работи? Овој амандман е на членот 8 од текстот на законот, со кој што се уредува како се употребуваат ваучерите, или за што се употребуваат ваучерите и според него, ваучерите треба да се употребуваат, како учество за купување на компјутери, со минимум перформанси и ги наведува кои се компјутерите: Пентиум 4; Целерон итн. И ние сега што бараме? Бараме наместо за купување на компјутери со минимум перформанси, да додадеме уште, или за купување на дел од конфигурацијата на персонален сметач или лап топ за купување на периферен уред на истите.

Зошто ова го бараме? Го бараме на барање на голем број студенти кои во своите семејства имаат браќа или сестри кои минатата година станале корисници на ваучери и имаат вакви комјутери со минимум перформанси и сметаат дека е добро, за да не прават навистина криминални дејства, да ги употребуваат ваучерите кои сега ќе ги добијат како апсолвенти не за купување компјутери со минимум перформанси, туку да купат конфигурација за надоградба на овие комјутери веќе купени од минатата година за да го подобрат перформансот на веќе постојниот компјутер, затоа што сметаат или на барање на тие студенти сметаат дека така ќе се постигне навистина целта заради која се издаваат овие ваучери, значи во едно семејство ќе има компјутер, ваучерот ќе биде искористен повторно за истата намена, за истиот компјутер за подобрување на перформансите и ќе го користат студентите од целото семејство.

Кое образложението, јас не знам зошто министерот не го прифаќа овој амандман. Требаше да каже зошто не го прифаќа, затоа што навистина мене ми се чини овој амандман многу логичен и потребен затоа што е на барање на студентите. Со ваков амандман ќе го оневозможевме она што се случуваше минатата година ваучерите да бидат уновчувани, односно земени ќеш пари или да се даваат и да се купат работи за да се подобри компјутерот кој што го имаат дома. Секако, со ваквиот амандман ќе оневозможиме да се злоупотребуваат ваучерите кои се издаваат.

Господине министре, јас навистина не знам, прашувам од кои причини го одбивте овој амандман и најискрено ви кажувам, овој амандман го поднесов на барање на многу студенти, не дека јас нешто многу ќе постигнам со овој амандман.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке,

Минатата година бевме сведоци дека во поеќе дневни весници, а особено во порталите во Република Македонија имаше голем број на огласи на кои се прродаваа вредносните бонови ваучери. Имаше ваучери кои се продаваа околу 110 евра, околу 100 евра, имаше огласи дека откупуваат вредносни купони за комјутерите итн., за да има и цитати од студенти кои велат се договарам да земам нов компјутер со ваучерот и да му го продадам на колегата за 100 евра.

Затоа, мислам дека е многу поцелисходно овој вредносен купон, овој вредносен ваучер да се користи за набавка на информатичка опрема, комјутерска опрема, која многу повеќе корист ќе му донесе на еден апсолвент.

Уште еднаш ќе повторам, не сакам да бидам премногу досаден, 90%. . .

Потпретседателке, ако не мислите да ги смирите овие што дофрлуваат, тргнете се, и така е прекршен член 61 од Деловникот за работа и вие не требаше да бидеете на тоа столче сега. Навистина, ако не мислите да ги смирите дофрлувањата од вашата пратеничка група, не знам зошто седите на тоа столче.

**Светлана Јакимовска:** Колеги, ве молам да го сослушаме колегата Макрадули. Продолжете.

**Јани Макрадули:** И кворумот го правиме, и овие фрустрирани млади пратеници што дофрлуваат мораме да ги трпиме, ама единицата за демократијата во Република Македонија останува. И таа единица за демократијата оди на контото на ВМРО ДПМНЕ, ама за жал, Парламентот стана генератор на таа единица.

Не постои блог на апсолвенти каде што разменуваат информации каде што не велат дека е подобро за тој вредносен ваучер да се докупи компјутерска опрема. Не постои. До нас дојде барање од голем број на студенти кои бараат да имаат шанса да докупот компјутерска опрема, за да нема злоупотреби, тој секако има компјутер дома, ќе сака да го надгради, а добил вредносен купон за комјутер што има послаби перформанси, бидејќи за 15.500 денари не може да купи компјутер, не може да купи нормален комјутер, може само некој шкарт комјутер да купи. Подобро е тие средства да ги употреби за да купи ЛЦД монитор, или она што јас најмногу сакам да се направи, а тоа е да се подигне степенот на одговорноста и ИТ култура, да може да си купи софтвер. Можеби некој студент на Машински факултет ќе си купи прв пат Аутокад лиценциран со многу вредности внатре, со литература, со долготрајна лиценца. Можеби ќе купи антивирусен систем кој што може да го стави во својот комјутер и ќе си обезбеди заштита за својот комјутерски систем. На тој начин ќе едуцираме една огромна бројка на луѓе да ги почитуваат вредностите на интелектуалната сопственост и она што е направено како софтвер.

Затоа, премногу ригидна е обврската тоа да важи само за комјутер. Мислам дека комјутерски систем е еден широк поим кој што може многу повеке да се искористи кога Владата решила од Буџетот на Република Македонија да издвои 200

милиони денари во овој случај, 150 милиони според законот, 200 милиони денари според експозето на министерот. Ако имаме средства за овој концепт, тогаш ајде да се потрудиме да го направиме поприменлив и со поголем степен на искористеност, поквалитетна искористеност, а тоа е луѓето што веќе од поодамна имаат компјутер и комјутерски систем да можат да го надградат за да одговара на предизвиците на денешното време. Сите сме овде сведоци дека оние што немаат шанса, како некои пратеници од ВМРО ДПМНЕ, да ја градираат РАМ меморијата на лаптоп одвај можат да отворат една интернет страница. Одвај можете да отворите бидејќи оперативниот систем не одговара на квалитетот на потребната меморија што ја има во лаптоп. Сите што работат тоа го знаат. Тоа е исто ако сега сакате да го подобрите тоа да купите нов лаптоп, но нема потреба, доволно е да се купи РАМ меморија и многу повеќе пратеници сум убеден дека ќе ги користат компјутерите. Истото го зборуваме и сега. Има многу студенти и да не зборувам, да не бидам погрешно сфатен, кој апсолвент на Електротехничкиот факултет нема компјутер, зошто да мора да купи послаб компјутер од оној што го има, но да купи дополнителна опрема. Со тоа ем ќе придонесеме за равојот на ИТ пазарот, ем ќе придонесеме за подигнување на степенот на ИТ културата кога станува збор за купување на софтвер и на тој начин ќе придонесеме за вистински развој на информатичкото на информатичкото општество. Со овој премногу ригиден став останува шансата нон-неим компании кои ги нем во ниту една листа, ги нема во ниту еден централен регистар да продаваат некако 470 ваучери. Прашајте во градовите, јас наброив неколку, од Велес, од Прилеп дали постојат тие компании. Во Куманово дали слушнал некој за таа компанија, дали има некаде дуќан или продавница, ама за тоа реков од утре понатаму. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Од службите бев известена дека немало сигнал.

Дали е сега во ред? (Да)

Уште еднаш ве молам колеги да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласаа 54 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 4, од гласањето не се воздржа никој, против се 50.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Гласањето не е валидно.

Со оглед дека во салата во моментот има 62 пратеника гласањето го повторуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57пратеници. Од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, еден пратеник се воздржа, против гласаа 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Станка Анастасова.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**ТрајкоСлавески:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимоска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Амандманот што го имаме предложено се однесува на минималната конфигурација што е дефинирана во членот 8 од законот, каде што предлагачот од Министерството за финансии како минимум перформанси што треба да ги има компјутерот е дадено да има процесор Пентиум 4 ЦЕЛЕРОН или АМД Атлон процесор со еден гигабајт РАМ и задолжително присуство на прежна картица. Сметам дека оваа дефиниција треба да биде попрецизна, посеопфатна, бидејќи освен процесорот и РАМ меморијата ништо друго тука не е задолжително направено. Задолжително присуство на мрежна картица веројатно веќе во 21 век или во ова време веројатно не можете да најдете компјутер кој што нема инсталирана мрежна картица.

Оваа конфигурација што е дадена исклучиво само од аспект на процесорот, РАМ меморијата и мрежната картица, која што реков не постои во 2008 година компјутер кој што можете да го купите да нема интегрирана мрежна картица, фалат и некои други податоци кои треба да ги задоволува компјутерот, пред се графичката картица, мониторот што треба да го има. На овој начин ќе дојдеме до варијанта повторно да се купи компјутер, ама без монитор. Можеби, не знам.

Затоа, нашиот амандман е да ги допрецизира тие работи, да дефинираме малку поубав процесор, дали е тоа Пентиум ДУАЛ КОР или АМД, АМ2, ДУАЛ КОР процесор, еве, нека остане еден гигабајт РАМ за да можеме да бидеме некаде во цената околу 20 илјади денари, хард дискот од 160 гигабајти, графичка картичка ДВД и монитор 17 инчен. Претпоставувам дека овој комјутер што треба да се купи треба да има тастатура и некој уред друг како глувче или нешто слично.

Овој амандман само служи за допрецизирање на членот 8 и за попрецизно дефинирање на комјутерот што може да се набави како минимална конфигурација, кој не носи штета ако постои во Законот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 50 пратеници.

Ги молам службите да доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата се присутни 61 пратеник.

Гласањето е валидноѕ.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шеќеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави и има збор, госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас знам дека заморот сите нас не совлада. Имаме уште 8 амандмани и со оглед на тоа што нивната содржина се повторува, дозволете повторно, најљубезно да побарам од господинот Славески само едно објаснување за кое ми остана должен.

Зошто предвидовте повторно ингеренциите, наместо Министерството за информатичко општество да ги има Министерството за финансии и зошто е толкав бројот на вклучени министерство во реализацијата на овој закон.

Господине министер, се надевам дека имавме можност да дадеме свое видување како можеме да го подобриме текстот на овој закон. Одговорете ми на ова прашање па ние, како што ветивме, ќе ги повлечеме сите амандмани до крај.

(Со седницата продолжи да раководи, претседателот на Собранието Трајко Вељаноски)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Прашањемот може да биде поставено, зошто, во прв ред Министерството за финансии го предлага Законот, а не зошто е задолжено за некои од повеќето активности во законот. Значи Министерството за финансии е предлагач на законот затоа што законот е за издавање на вредносни хартии односно ваучери.

Вклученоста на повеќе институции произлегува од нивната надлежност и со добра координација која, претпоставувам дека ќе биде уште подобра од онаа во текот на минатата година, нема да има проблем во некое мешање на надлежности или пропуштање на активности. Не мислам дека ниту едно од овие министерства, ниту Министерството за финансии ниту Министерството за информатичко општество може самото да ги заврши сите функции, а не гледаме никаков проблем, посебно околу исплатата на искористените ваучери односно вредносните хартии од страна на Министерството за информатичко општество, затоа што тоа е Министерство кое во моментот гради капацитети и сигурно ќе ја изврши таа задача на задоволителен начин. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

До крај ќе остане дилемата, бидејќи, замислете Министерството за финансии ќе ги дезајнира, ќе ги печати ваучерите, ќе ги распредели по факултети, а знаете кој ќе ја врши исплатата? Иво Ивановски. Значи само исплатата, она што природно, по наше размислување, е во надлежност токму кај Министерството за финансии, но сеедно. Значи имате објаснување господине Славески. Благодарам за споделувањето и се надевам дека согласно член 19, пред Собранието на Република Македонија, заклучно со 31 јануари ќе доставите сериозен извештај за реализацијата на овој закон што претпоставувам ќе биде основа и за некои наредни вакви законски решенија во идните години.

Експлицитно, во името на сите предлагачи, на сите наредни, заклучно со реден амандманот со реден број 17, сите амадмани ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатарам дека амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 12 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 13 ставови 1, 2 и 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 14 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Весна

Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 15, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 16, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 17, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 19, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Јани Макрадулу, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш со жалење констатирам дека го прекршивте Деловникот во делот на распределбата на задачите на потпретседателите.

Само да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ со овластување од координаторот на пратеничката група.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа и ќе го поддржи овој закон иако сметаме дека, ако се води вистинска стратегија за развој на информатичкото општество, тогаш вредносни ваучери за компјутери треба да добијат како предност бруцошите, во однос на апсолвентите, треба да добијат само студентите на државните високо образовни установи во Република Македонија, да имаат можност да купат нормален компјутер кој ќе има работна околина, кој ќе ги задоволува потребите на еден апсолвент, да има можност предносниот ваучер да се однесува на компјутерска опрема со која ќе ги подигне перформансите на веќе постоечкиот компјутер, да се бори против пиратеријата со давање на шанса и можност да се купи лиценциран софтвер од било кој вид и на тој начин да развиваме вистинско информатичко општество.

На овој начин, со ваквата ригидна одлука, тоа да се однесува само на строго определени компјутери, мислам дека единствено ќар, за жал, ќе имаат нон нејм компјутерски фирми кои игзистираат од ваучер до ваучер.

Сепак и покрај обидот, со мешањето на ингеренциите што ги пишува во законот, да се фрли сенка на шансата за коректна имплементација, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за овој проект. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата за пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, за Предлогот на законот гласаа 70 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за издавње на вредносни бонови - ваучери.

Согласно договорот, тука ја прекинувам седницата.

За продолжението на оваа седница ќе бидете известени со СМС пораки.

(Седницата прекина со работа во 19,40 часот)